Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 292, 1 февруари 2022 година

февруари 2022 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област меѓународни политички организации на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

РЕФЕРАТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 7

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научните области претприемништво и управување со човечки ресурси на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 19

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област 64004 англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

РЕФЕРАТ за избор на наставник за наставно-научната област граѓанско право и наследно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 37

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област фармакоекономија (30616) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за е-учебник „Дизајнирање на деловни процеси” од проф. д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 65

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебник „Механизација во лозарството и овоштарството“ од проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 69

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот со наслов „Маркетинг: знаење и вештини за успешно деловно работење” од проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 72

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Технично уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-144/4 од 16.12.2021 година донесена на 216. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 15.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент, за наставно-научната област меѓународни политички организации на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и тоа во следниов состав:

– **д-р Дејан Маролов** - претседател, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област меѓународно јавно право;
– **д-р Ана Никодиновска-Крстевска** - член, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област право на Европска Унија;
– **д-р Јорданка Галева,** член, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област меѓународни политички организации.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 1.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката: **м-р Наташа Донева.**

Врз основа на приложената документација на Конкурсот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

По разгледување документите поднесени за Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научна област меѓународни политички организации на Правниот факултет, УГД – Штип, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Наташа Донева е единствена кандидатка којашто се има пријавено и има доставено комплетна документација пропишана со Конкурсот. Истата е поднесена во предвидениот рок утврден во Конкурсот. Врз основа на тоа, Комисијата постапи кон детално разгледување на документацијата и го утврди следново:

**Биографски податоци за кандидатката м-р Наташа Донева**

Кандидатката м-р Наташа Донева е родена на 24.11.1993 година во Штип. Во 2017 година дипломира на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со просек 9.55 и се здобива со стручно звање дипломиран правник -Правосудна насока. Кандидатката Донева запишува втор циклус на правни студии на истоимениот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, при што ги завршува истите со просечна оценка 10,00 и во декември 2018 година го одбранува својот магистерски труд, стекнувајќи се со звањето магистер на правни науки - Правосудна насока, 60 ЕКТС и квалификација од ниво VII А.

Од септември 2019 година кандидатката е студент на трет циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од 1.8.2019 г. кандидатката м-р Наташа Донева е избрана за асистент во наставно-научна област меѓународни политички организации на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Паралелно со стекнувањето на своето правничко образование, кандидатка Донева стажира во Нотарска канцеларија „Соња Кантарџиска” - Штип, Адвокатска канцеларија „Ванчо Жежов” - Штип, Основен суд во Штип, како и во Основното јавно обвинителство во Штип.

Во мај 2019 година таа го положува правосудниот испит, за што има приложено соодветна документација.

Во поглед на познавањето на странски јазик, како критериум за избор, кандидатката м-р Наташа Донева го познава англискиот јазик на C1 ниво, германскиот на B1 и шпанскиот јазик на ниво C1 слушање, а ниво B2 за читање, говорна продукција и говорна интеракција.

Од приложената документација се увидува дека кандидатката Донева остварувала и серија на активности надвор од нејзиниот образовен курикулум, како што се учество во разни проектни активности, учество на натпревари, работилници, обуки итн. Исто така, кандидатката Донева се има стекнато со неколку признанија и сертификати меѓу кои и:

- 6th Futura Regional moot court competition-Human rights protection in front of the European Court of Human Rights (ECtHR);
- YOUTHPASS for Youth Exchanges – YES Youth Entrepreneurship Service, Czech Republic;
- MYLA: Human Rights Internship Program and Training;
- NATO SPA Advance Training Course “Towards effective cyber defense in accordance with the rules of law”;
- International Academic Conference “Bratislava Legal Forum 2020”;
- Online course for law trainees and law students - introduction to the European Convention on Human Rights and the European Court of Human Rights - organized by the Bar Association of RSM and cooperation with the Council of Europe and the Faculty of Law at the University “Goce Delchev” Stip;
- Bilateral Bulgarian Macedonian Youth Seminar;
- IDEA Foundation - training - Public speaking and legal argumentation;
- “DIPLOMATIC NEGOTIATIONS”- Simulation Workshop-Certificate of appreciation.

Од приложената документација, исто така, може да се увиди дека кандидатката Донева учествува во остварување на повеќе активности врзани со организирање на конференции, настани, работилници, семинари и слично во рамките на Правниот факултет, УГД-Штип. Како на пример:

- Ко-менторство за обука на симулација на судење пред ЕСЧП (moot court competition);
- Дел од Организацискиот одбор на VI, VII, VIII Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет” - секција Млади истражувачи;
- Дел од Организацискиот тим за развој на проектот „Неутралноста како концепт во меѓународното право“;
- Уредник на електронското списание „Students Social Science Journal (SSSJ)“;
- Дел од тимот и основачите на Правната клиника на Правниот факултет при УГД.
- Двогодишно членство во дисциплинска комисија при Правниот факултет при УГД;
- Член на Алумни клуб на Правниот факултет при УГД;
- Член на Ораторскиот клуб „ROSTRA VETERA“ на Правниот факултет - УГД;
- Активно учество при организирање и водење на презентации од областа на геополитиката, одржани во соработка со Центарот за правно политички истражувања;
- Член на Националното координативно дело за давање бесплатна правна помош;

Покрај стекнатото практично искуство, кандидатката м-р Наташа Донева има приложено и список на објавени ракописи:

**Список на објавени научни и стручни трудови**

1. Rogleva Aleksandra and **Doneva Natasha** (2021) Corruption risk in implementing urgent public procurement during covid -19 pandemia in R. North Macedonia, Collection of Papers from online International Academic Conference of PhD. Students and Young Researchers, The Milestones of Law in the Area of Central Europe 2021“.
2. **Донева Наташа** (2021) „Меѓународните влијанија при создавање на уставите”, 8. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет” - Секција Млади истражувачи, ISBN 978-608-244-838-1.
3. **Донева Наташа** (2020) „Правната етика во САД елаборирана низ призмата на модел стандардите на ABA”, 7. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет” - Секција Млади истражувачи; ISBN 978-608-244-767-4. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=27247 )

4. **Донева Наташа** и Трајковска Елена (2020) „Перспективите за европски устав", 7. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" - Секција Млади истражувачи, ISBN 978-608-244-767-4. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=27251 )
5. **Донева Наташа** и Газепова Вероника (2020) Заштита на правото на здрава животна средина низ праксата на Европскиот суд за човекови права; Правен дијалог бр.21, ISSN: 1857-7644.
6. **Донева Наташа** (2019) „Виртуелна закана или реална опасност - Сајбер тероризмот низ призмата на најекспонираните сајбер напади", Шеста Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" - Секција Млади истражувачи, ISBN 978-608-244-646-2. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=27377 )
7. **Донева Наташа** и Буралиев Иван (2019) „Истанбулска конвенција-сеопфатна регулатива или уште едно парче хартија во низа", 6. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" - Секција Млади истражувачи, ISBN 978-608-244-646-2. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=27376 )
8. **Донева Наташа** (2019) „Меѓународно воено/хуманитарно право", Student's Social Science Journal, Issue Number 7, ISSN 2545-4021. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=22559 )
9. **Донева Наташа** (2018) „Боите на криминалот", Student's Social Science Journal, Issue Number 6, ISSN 2545-4021. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=22558 )
10. **Донева Наташа** (2018) „Еволуцијата на казненото право низ призмата на историските рамки", Student's Social Science Journal, Issue Number 5, ISSN 2545-4021. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=22560)
11. **Донева Наташа** и Коцева Анастазија (2018) „Продорот на современиот концепт за сурогатство низ државната легислатива", Student's Social Science Journal, Issue Number 5, ISSN 2545-4021. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=22561)
12. **Донева Наташа** и Коцева Анастазија (2015) „Нирнбершки процес", Student's Social Science Journal, Issue Number 3, ISSN 2545-4021. (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=28896)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа документација која ѝ беше доставена за Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област Меѓународни политички организации објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 1.12.2021 година и се произнесе за следното:

На Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област меѓународни политички организации, Комисијата констатира дека се пријавила единствено кандидатката м-р Наташа Донева, која ја поседува целосната документација предвидена со Конкурсот.

По детално прегледување на приложените документи на кандидатката м-р Наташа Донева, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Наташа Донева има завршено додипломски правни студии со просечна оценка 9,55 и постдипломски правни студии со просечна оценка 10, со што се стекнува со 300 ЕКТС односно со титулата магистер на правни науки - Правосудна насока. Врз основа на тоа, Комисијата констатира дека кандидатката го исполнува критериумот за магистер од соодветната област со просечна оценка од додипломски и постдипломски студии над утврдениот праг во Конкурсот од оценка 8.00. Кандидатката исто така има доставено сертификат за познавање на англискиот јазик, како еден од светските јазици, со што го исполнува и вториот критериум предвиден во Конкурсот. Освен овие предуслови за избор, кандидатката во документите доставени на Конкурсот пријавува и одреден творечки опус од областа во која конкурира за избор, како и претходно работно искуство како асистент во истоимената област на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај овие активности, кандидатката м-р Наташа Донева пријавува учество на повеќе научни и стручни конференции, работилници и слично, за што има приложено стекнати признанија и сертификати.

Врз основа на образложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Наташа Донева во целост ги исполнува законските услови согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кои се наведени во Конкурсот за избор на соработник во звање асистент. Врз основа на тоа, Рецензентската комисија едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да ја избере м-р Наташа Донева за соработник во звање асистент за научната област меѓународни политички организации.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Маролов**, вонреден професор
на Правниот факултет при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
наставно-научна област меѓународно јавно право, претседател, с.р.
**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска,** вонреден професор
на Правниот факултет при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
наставно-научна област право на Европска Унија, член, с.р.
**Д-р Јорданка Галева,** доцент на
Правниот факултет при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
наставно-научна област меѓународни политички организации, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1202-150/6 од 17.12.2021 година донесена на 214. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 17.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Весна Георгиева-Свртинов**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - претседател;
– **д-р Емилија Митева-Кацарски**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - член;
– **д-р Круме Николоски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област историја на економската мисла - член;

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 1.12.2021 година при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот доц. д-р Влатко Пачешкоски, вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот доц. д-р Влатко Пачешкоски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, има чест да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Влатко Пачешкоски е роден на 1.3.1980 година во Прилеп. Основното и средното образование ги завршува со континуиран одличен успех. Своето образование го продолжува на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, каде што дипломира на насоката Меѓународна економија со просечен успех од 9.16 во 2002 година, вбројувајќи се како еден од најдобрите студенти во неговата генерација. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломските студии на Економски факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола, на насоката Меѓународна економија и бизнис, коишто ги завршува со просечен успех од 9.78 и со одбраната на магистерскиот труд на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија” се стекнува со научниот степен магистер на економски науки, област меѓународна економија.

Д-р Влатко Пачешкоски го продолжува високото образование со упис докторски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во научната област меѓународна економија. Докторира на 7.8.2016 година со одбрана на докторскиот труд „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија“.

Веднаш по дипломирањето (од септември 2003 до 2008 година), кандидатот е ангажиран како демонстратор на Економскиот факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола, каде што покрива предмети од областа меѓународна економија.

Од септември 2009 година работи како асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, каде што покрива предмети од областа меѓународна економија.

Во 2017 г. е избран за доцент на Економскиот факултет при УГД каде што ги предава предметите: Глобална економија, Глобализација, Меѓународни финансии, Меѓународен развој итн.

Во делот на научноистражувачката работа д-р Влатко Пачешкоски во својата академска кариера објавува бројни научни и стручни трудови, како и други рецензирани публикации, при што во најголем дел од неговата научноистражувачка и стручна активност е фокусирана на теми од областа на меѓународна економија.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех: Д-р Влатко Пачешкоски на прв циклус студии, како дипломиран економист има остварен просечен успех од 9,16 (на насока Меѓународна економија), додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки (област меѓународна економија) има остварен просечен успех од 9,78.
- Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира: Д-р Влатко Пачешкоски е доктор на економски науки, при што јавно на 8.7.2016 година ја одбранил докторската дисертација од областа на меѓународна економија под наслов „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија“ на департманот за Меѓународна економија на Економскиот институт во Скопје.
- Претходен избор во звање: На 9.6.2017 година д-р Влатко Пачешкоски е избран во звање доцент на Економскиот факултет при УГД во Штип.
- Објавени научни трудови во референтни научна публикации. Од изборот за доцент (во последните 5 години) кандидатот има објавено повеќе од 20 меѓународни труда, од кои на 7 се јавува како прв автор (сите трудови се достапни во репозиториумот на следнот линк https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html)

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Години на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) | Economic implications from the globalization process to less developed countries | International Journal Scientific Papers45 (1). pp. 211-220.ISSN 2545-4439 | 12 години |
| 2. | Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) | Capital and population as factors for economic development in less developed countries | Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758. | 12 години |
| 3. | Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) | Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund. | Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758. ISSN 2547-4439 | 12 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Paceskoski, Vlatko and Nikoloski, Krume (2018) | The reforms of the International Monetary Fund for economic development in the developing countries. | International Journal Scientific Papers, 28 (5). pp. 1477-1482. ISSN 1857-923X | 12 години |
| **5.** | Paceskoski, Vlatko and Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2018) | Foreign direct investments and effects in development countries. | Journal of Economics, 3 (2). pp. 41-49. ISSN 1857-9973 | 6 години |
| **6.** | Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica (2017)) | Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Република Бугарија | Knowledge - International journal, 20 (2). pp. 627-632. ISSN 2545-4439 1857-923X | 12 години |
| **7.** | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018) | Analyses of the trade relations between the Republic of Macedonia and Greece. | KNOWLEDGE – International Journal, 26.1 (1). pp. 221-226. ISSN 2545-4439 | 12 години |
| **8.** | Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2021) | Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia. | Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973 | 6 години |
| **9.** | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2021) | COVID-19 and non-tariff measures. | Journal of Economics, Special Issue. pp. 185-195. ISSN 1857-9973 | 6 години |
| **10.** | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018) | Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Czech Republic. | European Journal of Business, Economics and Accountancy, 6 (3). pp. 59-70. ISSN 2056-6018 | 9 години |

– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик: Кандидатот доставил потврда за познавање на англиски јазик.
– Способност за изведување на високообразовна дејност: Академската кариера на кандидатот Пачешкоски започнува уште во 2003 година со неговиот прв избор како демонстратор на Економски факултет во Прилеп, а продолжува со неговиот избор како помлад асистент во 2009 година и асистент во 2012 година во 2017 година е избран за доцент на Економски факултет во Штип. Како доцент ги предава предметите: Глобална економија, Глобализација, Меѓународен развој, Современи економски системи, Статистика за бизнис.

**Посебни услови:**

– Рецензирани скрипта и практикум: Кандидатот има издадено:
  - Во 2016 година издава скрипта „Глобализација - економски аспекти“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/565) ISBN 978-608-244-318-8, и практикум под наслов „Меѓународна економија – меѓународни финансии и трговија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/558) ISBN 978-608-244-317-1. Како коавтор ги издава и следните книги под наслов „Економика на претпријатија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/543) ISBN 978-608-244-322-8, „Економската мисла на класичната и кејнзијанската школа“ ( http://e-lib.ugd.edu.mk/538) ISBN 978-608-244-309-6
  - 2021 година издава скрипта под наслов „ Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1022) ISBN 978-608-244-847-3 и практикум „Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6

– Учество во научноистражувачки проекти: Кандидатот Пачешкоски учествува во повеќе домашни и меѓународни проекти (Проектите се наведени подолу во евалуацијата);
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Доц. д-р Пачешкоски бил ментор на 15 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови. Активно учествува во соработка на проекти и трудови со асистентите вработени на Економскиот факултет при УГД.

Кандидатот Пачешкоски го има остварено потребниот број на поени (минимум 75) кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=136; (САОР)=37; или вкупно 203 поени. (Детали подолу во табелата)

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Влатко Пачешкоски со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2003 година, вклучен во наставно-образовната и научноистражувачка дејност како демонстратор на Економски факултет – Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, каде што бил ангажиран на следниве предмети: 1. Меѓународни економски односи (II семестар); 2. Меѓународни финансии (VIII семестар); 3. Теорија и политика на економски развој (VII семестар); 4. Глобализација (IV семестар), 5. Развој на економската мисла (I семестар), 6. Анализа на работењето (VIII семестар). Во тој период д-р Влатко Пачешкоски одржувал вежби по гореспоменатите предмети, подготвувал материјали за вежби и помагал во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2009 година е избран во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во областа меѓународна економија. Д-р Влатко Пачешкоски за време од три години како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2012 година е избран во наставно-научно звање асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во областа меѓународна економија. Кандидатот како асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Основни активности во тој изборен период биле: Одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на семинарски на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, организација на меѓународна конференција и др.

Како **доцент** на Економскиот факултет (УГД) – Штип д-р Влатко Пачешкоски е избран на 9.6.2017 г. [**1**] и ги предава предметите Глобална економија, Меѓународен развој, Индустриска економија, Глобализација, Статистика за бизнис.

Д-р Влатко Пачешкоски е автор и на неколку високошколски учебни помагала, односно рецензирани скрипти и практикуми за предавања и вежби од областа на меѓународна економија. Ментор е на 15 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Од изборот за доцент (во последните 5 години) кандидатот има објавено преку 20 труда во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата дел во странство. На 7 од објавените трудови се јавува како прв автор, а на останатите во коавторство со други професори и соработници. Кандидатот до денес е активен член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот:***

***Референтни трудови во кои д-р Влатко Пачешкоски се јавува како прв автор:***

– **Paceskoski, Vlatko** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021*) Economic implications from the globalization process to less developed countries.* Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220. [**2**]

**Евалуација на трудот:** Во овој труд на експлицитен и симплифициран начин се презентирани комплексните противречности од процесот на глобализација во светската економија. Всушност, консеквенциите од процесот на глобализација се рефлектираат претежно врз помалку развиените земји, додека пак предностите (бенефитите) од овој процес ги апсорбираа една мала група на земји т.е. високоразвиените земји. Имајќи го предвид претходното, факт е дека глобализацијата е во тек и дека, барем во сегашната фаза, се одвива асиметрично. Различното ниво на економска развиеност на одделните земји е веројатно основната причина што голем дел од нив не може да се интегрира во светските економски текови, т.е. не може да ги апсорбира позитивните страни на процесот на глобализацијата или ако евентуално ги апсорбира во помала мера. Друг дел на земји се наоѓа надвор од процесот на глобализацијата или е апсолутно „изгубен" во него. Во трудот се констатира дека апострофираната маргинализација во сегашната етапа на глобализацијата е неизбежен факт, бидејќи во основата на глобализацијата вграден е моделот на „пазарниот фундаментализам" кој per definition делува според принципот центар - периферија id est продуцира регионални диспаритети фаворизираќи ги развиените земји, а дестимулирајќи ги помалку развиените земји.

– **Paceskoski, Vlatko** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) *Capital and population as factors for economic development in less developed countries.* Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. [**3**]

**Евалуација на трудот:** Во овој труд посебен акцент се става на капиталот и населението, како клучни фактори за економски развој на една национална економија. Имено, од емпиријата е познато дека капиталот и населението се круцијални фактори за економскиот развој на секоја национална економија, а посебно за земјите во развој. Всушност, тргнувајќи оттука, во овој труд предмет на анализа е улогата и значењето на капиталот и трудот за економскиот развој со посебен осврт врз ЗВР (Земјите во развој). Односно се анализирани следните проблеми: што треба да преземат развиените земји во насока на поквалитетно финансирање на општествено економскиот развој на ЗВР и значењето на капиталот за економскиот развој. Анализирани се структурата и формите на трансфер на капитал од развиените кон ЗВР. Исто така, акцент е ставен на официјалната помош што треба да ја издвојуваат развиените земји за развој на помалку развиените земји. Од друга страна, имајќи ја предвид ограниченоста на овие земји со капитал во трудот посебно е истакнато значењето на акумулацијата на капиталот. Бидејќи во многу случаи нивниот развој е непосредно поврзан со индустријализацијата преку акумулација на капиталот. Земјите во развој во иднина треба посебно акцентот да го ставаат на важноста на акумулација на капитал и да ја потенцираат потребата од зголемување на своето ниво, односно на зголемување на степенот на акумулација на капиталот. И на крај, во трудот се констатира дека ефикасноста во користењето на капиталот зависи и од низа други фактори како што се: продуктивноста на трудот, ефикасноста на институциите, економската инфраструктура, ориентација за развој, социјалните вредности, квалитетот на образованието на работна сила, функционирањето на финансискиот пазар итн.

– **Paceskoski, Vlatko** and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund*. Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758. [**4**]

**Евалуација на трудот:** Во трудот се изнесени основните состојби во светската економија, изразени преку учеството во меѓународниот финансиски систем на помалку развиените земји. Всушност, оттука во голема мерка зависи развојот и надминувањето на круцијалните проблеми со коишто се соочуваат овие земји. Во трудот е имплементирана

анализа на улогата и значењето на меѓународниот финансиски систем за помалку развиените земји. Во таа насока презентирани се и методите, начините и препораките за потреба од реформа на постојниот светски финансиски поредок. Со посебен осврт на потребните реформи во меѓународниот монетарен фонд. Тука е истакната улогата и значењето на потребната реформа во начинот на управување, распределбата на ресурси, технологијата на гласање и набљудувачката улога што ја има меѓународниот монетарен фонд во светската економија. Во трудот се констатира дека повеќе од неопходна е трансформација на меѓународниот монетарен систем во насока за што порамноправно учество на сите субјекти до финансиски средства пред сè на помалку развиените земји, со што би се овозможиле поголеми стапки на економски раст и развој во светската економија.

– **Paceskoski, Vlatko** and Nikoloski, Krume (2018) *Реформите во Меѓународниот монетарен фонд за побрз економски развој во земјите во развој.* International Journal Scientific Papers, 28.5. ISSN 1857-923X [**5**]

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е дека истражувањата и анализите покажуваат дека начините на финансирање на економскиот развој на земјите во развој и меѓународниот финансиски систем не се приспособени и не одговараат целосно на развојните потреби на овие држави. Системот на меѓународно финансирање на развојот, во чии рамки забележливо учество имаат меѓународните финансиски институции не претставуваат адекватен инструмент за помагање на развојот на стопанствата на земјите во развој. Конкретно, овој систем треба да се реформира. Потребно е системот да ги вгради елементите на автоматизам, стабилност и континуитет. На овој начин ќе се овозможи поголем интензитет и динамика во економскиот раст, како и подобрување на квалитетот на тој раст на земјите во развој.

– **Paceskoski, Vlatko** and Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2018) *Foreign direct investments and effects in development countries.* Journal of Economics, 3 (2). pp. 41-49. ISSN 1857-9973 [**6**]

**Евалуација на трудот:** Овој труд го анализира директното и индиректното влијание на приливите на СДИ врз економскиот раст и развој на земјите во транзиција. Како заклучок и препорака за креаторите на политиките е дека СДИ во секоја ситуација не носат долгорочни придобивки за земјите домаќини. Со подобрување на апсорпционите и приспособливите способности на домашните фирми и со усвојување поактивни политики кон СДИ, далеку поверојатно е да се појават развојните ефекти, од приливот на СДИ.

***Останати референтни трудови:***

– Miteva-Kacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Koleva, Blagica (2018) *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Republic of Bulgaria.* Knowledge International Journal, 20 (2). pp. 627-632. [**7**]
– Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Analyses of the trade relations between the Republic of Macedonia and Greece.* KNOWLEDGE – International Journal, 26.1 (1). pp. 221-226. ISSN 2545-4439 [**8**]
– Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** (2021) *Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973 [**9**]
– Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Paceskoski, Vlatko** (2021) *COVID-19 and non-tariff measures.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 185-195. ISSN 1857-9973 [**10**]
– Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Czech Republic.* European Journal of Business, Economics and Accountancy, 6 (3). pp. 59-70. ISSN 2056-6018 [**11**]
– Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Paceskoski, Vlatko** and Koleva, Blagica (2019) *Determinants of Economic Growth in Republic of North Macedonia : An Empirical Study.* Journal of Economics, 4 (2). ISSN 1857-9973**12**]
– Nikoloski, Krume and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Industrial relations, political democracy and market economy.* International Journal Scientific Papers, 28.1. pp. 247-251. ISSN 1857-923X [**13**]

- **Paceskoski, Vlatko** and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2017) *International debt and developing countries.* In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Republic of Macedonia. [**14**]
- **Paceskoski, Vlatko** and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2017) *Process of globalization in the world economy.* In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Republic of Macedonia. [**15**]
- Cabuleva,Kostadinka and MitevaKacarski,Emilija and **Paceskoski,Vlatko** (2019) *Анализа на трговските релации меѓу Европската Унија и Русија.* Godisen zbornik, 18. pp. 79-84. ISSN 1857-7628 [**16**]
- Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Paceskoski, Vlatko** and Koleva, Blagica (2019) *Determinants of Economic Growth in Republic of North Macedonia : An Empirical Study.* Journal of Economics, 4 (2). ISSN 1857-9973[**17**]
- Cabuleva, Kostadinka and Miteva-Kacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Анализа на трговските релации меѓу Европската Унија и Кина.* Годишен зборник 2018, Економски факултет, 15. pp. 189-196. ISSN 1857-7628[**18**]
- Nikoloski, Krume and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Economy and business: relations, conflicts and activities.* Godisen zbornik, 16 (10). pp. 89-93. ISSN 1857-7628 [**19**]
- Nikoloski, Krume and **Paceskoski, Vlatko** (2018) *Industrial relations, political democracy and market economy.* International Journal Scientific Papers, 28.1. pp. 247-251. ISSN 1857-923X[**20**].

***Учество во научен проект:***

- Temjanovski, Riste and Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Arsova, Monika (2018) *Transport infrastructure as well as a generic resource to boosting the economic growth of the Republic of Macedonia.* [**21**]
- Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Petrevska, Biljana and Serafimova, Mimoza and Boskov,Tatjana and Zezova,Aleksandra and Apostolov,Mico and Josheski, Dushko and**Paceskoski, Vlatko** and Namicev, Petar (2015) *Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија.* [**22**]

**Член на уредувачки одбор:**

- Yearbook - Faculty of Economics (2010-2017 година) [**23**]

***Учебник, скрипта и практикум:***

**Учебник: Економика на претпријатија**

Nikoloski, Krume and **Paceskoski, Vlatko** (2016). ***Економика на претпријатија.*** Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-322-8.

URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/543 [**24**]

Учебникот „Економика на претпријатие" пред сѐ е наменет за студентите на економските и други факултети при совладување на содржината за наставната дисциплина економика на претпријатија. Исто така, учебникот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од економијата на претпријатието, за менаџерите и вработените во претпријатијата кои се непосредно и посредно работат во одреден стопански субјект, како и носителите на економската политика и драгоцена основа за оние коишто сакаат да ги откријат многубројните принципи на економијата и деловните функции во претпријатието. Егзистирањето и функционирањето на претпријатието, имплементирани во сферата на принципите на работа и ефектите од профитот, денес се наметнува како фундирана основа на проширената репродукција и тековите во економијата. Во таа насока, значењето на темите што се обработуваат во трудот е објективно и корисно. Секако дека овој учебник, односно секој труд што претендира совесно и одговорно да ги остварува процесите и проблемите од работата на претпријатието претставува придонес за развојот на економската мисла.

**Учебник: Економската мисла на класичната и кејнзијанската економска школа**

Nikoloski, Krume and **Paceskoski, Vlatko** (2016). ***Економската мисла на класичната и кензијанската економска школа.*** Универзитет „Гоце Делчев"-Штип. ISBN 978-608-244-309-6.

URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/538 [**25**]

Економските појави и процеси еволуираат во секое општество и во различни општествено-економски услови. Економскиот процес е вграден во општеството и е во врска со сите аспекти на културниот и економскиот живот. Разбирањето на историските мисли, на економскиот систем и на економската теорија бара подигнување на свеста на социјален, историски и филозофски контекст во којшто тие се развиваат. Од овие причини, во книгата се разработуваат и елаборираат економските теории на класичната и кензијанска школа. Станува збор за две доминантни школи на економската научна мисла. Историјата на економската мисла е студија на алтернативни перспективи и објаснувања за тоа како економските процеси и појави функционираат. Важен аспект во проучувањето на економската мисла е да се идентификуваат факторите коишто ги поттикнуваат различните пристапи и перспективи на една економија. Во овој контекст, потребно е да се развијат алатки со чија помош може да се разберат различните пристапи и перспективи во општествено економските услови. Изучување и разбирањето на историјата на економската мисла е релевантна за студентите на Економскиот факултет, бидејќи кога ќе учат за еден предмет потребно е да имаат знаење за тоа како предметот еволуирал да неговата сегашна форма. Студирањето на историјата на економската мисла им помага на студентите за подобро разбирање на внатрешната динамика на одредена тема. Имено, студентите во наставната програма ќе ги изучуваат концептите и теориите кои се резултат од работата на претходните генерации на економисти. Сфаќањето дека економијата се развива како континуиран процес кој продолжува и денес е само по себе инспирација за оние кои сакаат да се обидат да се здобијат со подобро познавање на оваа тема, а можеби дури и да придонесат за нејзиниот понатамошен развој.

**Скрипта:**

**Paceskoski, Vlatko** (2016) *Глобализација - економски аспекти (скрипта).* ISBN 978-608-244-318-8. URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/565

Скриптата „Глобализација – економски аспекти" пред сѐ е наменета за студентите од насоката Меѓународна економија. Има за цел да помага на студентите при совладување на содржината за наставните дисциплини како: Глобализација, Современи економски системи и глобализација. Исто така, трудот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од меѓународната економија. Егзистирањето и функционирањето на меѓународните економски односи на принципите на работа и ефектите од постојниот меѓународен монетарен и трговски систем фундирани на основа на проширената репродукција во светската економија.

**Paceskoski, Vlatko** (2021) Глобална економија (скрипта). ISBN 978-608-244-847-3. URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/1022

Скриптата „Глобална економија" има за цел да помага на студентите при совладување на содржината за наставните дисциплини од област меѓународна економија. Исто така, трудот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од меѓународната економија. Во таа насока, значењето на темите што се обработуваат во трудот е објективно и корисно. Тргнувајќи оттука во скриптата се истражувани и дава одговор на следниве тематски подрачја: Генеза на процесот на глобализација; Поимно определување и дефинирање на процесот на глобализација; Теоретските пристапи кон и за процесот на глобализација; Димензии (елементи) преку и во кои се манифестира глобализацијата (со посебен осврт на економската димензија); Фактори кои влијаат врз процесот на глобализација; Економските аспекти на процесот на глобализација манифестирани преку меѓународната трговија и меѓународните финансии; Противречностите од процесот на глобализација врз светското стопанство; Современите тенденции од процесот на глобализација.

Всушност, меѓународните економски односи и текови во светското стопанство пробудуваат голем интерес како во економската теорија исто така и во современата практика. До таквиот интерес се доаѓа поради фактот што состојбите, тековите и предизвиците од меѓународните економски односи имаат големо непосредно значење и влијание врз: човекот како индивидуа; стопанските субјекти; националните стопанства и светската економија.

**Практикум:**

**Paceskoski, Vlatko** (2016) наслов „Меѓународна економија – меѓународни финансии и трговија" (URLhttp://e-lib.ugd.edu.mk/558) ISBN 978-608-244-317-1.

Д-р Влатко Пачешкоски во практикумот „Меѓународна економија – меѓународни финансии и трговија" на експлицитен начин хронолошки ги објаснува поимите и појавите од соодветните области. Со тоа несомнено практикумот е од големо значење за студентите при подготовка на наставните дисциплини: Глобална економија, Глобализација, Меѓународни финансии, Надворешна трговија.

**Paceskoski,Vlatko** (2021) наслов „Глобална економија" (URLhttp://elib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6.

Практикумот „Глобална економија" од кандидатот Пачешкоски има за цел да помага на студентите при совладување на содржината за наставните дисциплини од област меѓународна економија. Исто така, трудот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од меѓународната економија. Во таа насока, значењето на темите што се обработуваат во трудот е објективно и корисно. Тргнувајќи оттука, во практикумот кандидатот ги истражува и дава одговор на следниве тематски подрачја: процесите на глобализација и регионализација во светската економија; теоретски концепции, инструменти, мерки и регулатива на меѓународната трговија; регионални интеграции; улогата и значењето на меѓународното движење на капиталот во светската економија; меѓународни трговски и финансиски институции; девизен пазар и девизни курсеви; меѓународен пазар на капитал и биланс на плаќање.

Комисијата со сериозност цени дека д-р Влатко Пачешкоски при неговата научноистражувачка работа значително придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите општествено-економски процеси. Кандидатот ги анализира истите и ги следи актуелните трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна дејност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај научноистражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски тела и комисии. Имено, д-р Влатко Пачешкоски извршувал и други функции на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип и тоа:

- Член на Сенат од 2019 година, претставник на Економскиот факултет [**26**];
- Член на комисија за упис на студенти од 2014 - 2020 година [**27, 28, 29, 30, 31**];
- Член на комисија за избор на ректор јуни 2019 година [**32**].

***Стручна монографија***

Fotov, Risto and **Vlatko, Paceskoski** (2013) Феноменот на финансиската криза и импликациите врз светската еконија, УГД – Штип (Економски факултет). Стручен текст наменет за сите заинтегрирани за феноменот на финансиските кризи и нивните импликации врз светската економија со посебен осврт врз земјите во развој. [**33**]

***Стручно-апликативни проекти***

- Temjanovski, Riste and Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Arsova, Monika (2018) *Transport infrastructure as well as a generic resource to boosting the economic growth of the Republic of Macedonia.*

Во проектот каде што учествува д-р Влатко Пачешкоски се истакнува дека ефикасниот транспортен систем е клучен фактор за економски развој во секоја земја. Во креирањето и функционирањето на заедничкиот пазар во ЕУ, хармонизираниот развој на транспортната политика е централна фигура за овој успех. Ефективната транспортна инфраструктура е основа за постигнување на слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал, што е главната цел на политиката на ЕУ. Моменталната состојба во однос на дистрибуцијата, квалитетот на транспортната инфраструктура во Република Северна Македонија. Глобалните промени во економската политика на Република Северна Македонија мора да бидат придружени со соодветни промени во транспортната политика. Подобрувањето на транспортните услови во Македонија претставува стратешки национален приоритет и придонес во европската транспортна политика. Глобалната економија наметнува зголемени барања за производителите, дистрибутерите и потрошувачите, зголемувајќи го притисокот на конкуренцијата меѓу сите пазарни актери, што несомнено се наметнува од потребата од примена на нови стратегии и повисоко ниво на ефективно планирање во транспортниот сектор, што исто така ќе овозможи координација и соработка меѓу компаниите и националните економии ширум светот. Во таа насока, се нагласува прашањето како да се подобрат условите во транспортната инфраструктура, особено во оние економии кои немаат директен пристап на море, што ќе овозможи поголема конкурентност на националната економија, генерирање економски раст и развој, вработување и усогласен регионален развој на државата.

– Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Petrevska, Biljana and Serafimova, Mimoza and Boskov,Tatjana and Zezova,Aleksandra and Apostolov,Mico and Josheski, Dushko and **Paceskoski, Vlatko** and Namicev, Petar (2015) *Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија*.

Во проектот каде што учествува д-р Пачешкоски се констатира дека условите во кои се наоѓа Република Северна Македонија можат да се окарактеризираат како неповолни, во поглед на нејзината економска развиеност. Секоја земја, па така и нашата треба да ги искористи своите компаративни предности, своите потенцијали за да доживее економска експанзија. Настаните се интегрален дел на туризмот, но и нераскинлив дел со човечката цивилизација. Значи настаните се глобален феномен кои се повеќе добиваат на значење низ индустријата на евентите. Нашата држава, а и источниот регион иако имаат културно наследство, традиција, историја сепак до сега не го искористиле настанот како можност за брендирање на дестинацијата. Настаните имаат големо влијание врз секој сегмент од човековиот живот, во економскиот, општествениот, културниот и политичкиот. Причината поради која туристичките настани се сè повеќе популарни лежи во тоа што тие произведуваат многу позитивни ефекти и оптимални крајни резултати за целото општество.

Кандидатот д-р Влатко Пачешкоски има исклучително богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како професор, научник и истражувач, неоспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет.

Во овие рамки од особено значење е развојната дејност на кандидатот која има третман на посебен системски сегмент, кој се усогласува со генералните барања и стандарди врзани и условени со професионалниот развој и негово напредување.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на доставената документација од единствениот пријавен кандидат доц. д-р Влатко Пачешкоски, Комисија констатира дека кандидатот **д-р Влатко Пачешкоски ги исполнува потребните законски услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор во областа меѓународна економија.** Имено, кандидатот е доктор на економски науки во соодветната научна област, го има потребниот просечен успех на прв и втор циклус студии, како и потребните минимум 5 трудови во референтни научни списанија и/или публикации. Исто така, кандидатот претходно е избран за доцент на Економскиот факултет (УГД) - Штип и поседува докажана способност за изведување на високообразовна дејност.

Покрај општите законски услови, кандидатот ги исполнува и предвидените посебни услови за избор во наставно-научно звање за научната област меѓународна економија и се одликува со високи афинитети и солидни постигнувања во наставната дејност, научноистражувачка работа, како и стручно-апликативна примена на научните резултати. Д-р Влатко Пачешкоски веќе 17 години работи во високото образование од кои 6 како демонстратор, 6 како асистент и 5 како доцент на Економскиот факултет во Штип, период во кој активно придонесува во наставниот процес и научноистражувачката работа на ова институција, а дава придонес и во оспособувањето на помлади соработници. Во својата академска кариера кандидатот објавува бројни научни и стручни публикации, учествува на домашни и меѓународни конференции. Сето ова недвосмислено говори во прилог на квалитетите на д-р Влатко Пачешкоски како наставно-научен работник.

Според табелата со која се бодуваат целокупните активности на кандидатот за избор во звање (дадена во прилог), д-р Влатко Пачешкоски ги постигнува следните резултати:

- наставно-образовна дејност (НО) = 30 поени
- научноистражувачка дејност (НИ) = 136 поени
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 37 поени

односно **вкупно (НО+НИ+САОР) = 203 поени**, со што го надминува потребниот број на предвидени минимум поени (75) за избор во звање вонреден професор.

Врз основа на изложеното, Комисијата го потврдува научниот и стручен развој на кандидатот и значајниот придонес кој го дава во областа меѓународна економија, односно во економијата.

При анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научно истражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот може да се констатира дека д-р Влатко Пачешкоски реализира континуиран развој и постигнал значајни резултати во секој сегмент од наведените дејности од областа на економската научна мисла.

Поаѓајќи од изнесеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го избере доц. д-р Влатко Пачешкоски во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Весна Георгиева-Свртинов,** вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Емилија Митева-Кацарски,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Круме Николоски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **4.** | Избор во звање доцент [**1**] | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **3.** | Монографија или учебник [**24,25**] | 2 | 10 | | | 20 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) [**2,3,4,5,6,14,15**] | 3 | 9 | 4 | 9 | 63 |
| **4.б.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) [**7,13,19,20**] | 2 | 6 | 2 | 6 | 24 |
| **4.в.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) [**8,9,10,11,12,16,17,18**] | 4 | 2 | 4 | 2 | 16 |
| **5.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **6.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) [**23**] | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **136** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **3.** | Монографија или научна книга [**33**] | 1 | 10 | | | 10 |
| **13.** | Учесник во проект [**21,22**] | 2 | 5 | | | 10 |
| **28** | Член на универзитетски орган [**26**] | 1 | 5 | | | 5 |
| **29.** | Член на универзитетска комисија [**32**] | 1 | 2 | | | 2 |
| **30.** | Член на факултетски орган, комисија [**27-31**] | 5 | 2 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **37** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **203** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102 – 35/5 од 24.1.2022 година донесена на 257. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 24.1.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научните области претприемништво (50623) и управување со човечки ресурси (50622) на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

– **д-р Марија Магдинчева-Шопова** – вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
– **д-р Мимоза Серафимова** – редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
– **д-р Мичо Апостолов** – редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 27.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Христина Серафимовска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Христина Серафимовска е родена 18.1.1981 г. во Штип, Република Македонија. Средно училиште со одличен успех завршува во Штип, во Гимназијата „Славчо Стојменски“. Во 2004 г. дипломира на Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, група Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик и се стекнува со звање – дипломиран професор по македонска книжевност со македонски јазик. Своето образование го продолжува во 2008 г. кога се запишува на постдипломски студии на МБА менаџмент на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира ноември 2010 г. со одбраната на магистерскиот труд „*Претприемништвото и локалниот економски развој – Општина Штип*“ под менторство на академик Таки Фити (среден успех 8,56) и се стекнува со звање - магистер на економски науки од областа на МБА менаџмент. Докторира во октомври 2016 г., исто така на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, овој пат на Економскиот институт под менторство на проф. д-р Васил Поповски. Со одбраната на докторската дисертација под наслов **„***Улогата на претприемништвото во развојот на иновативниот потенцијал на човечките ресурси за постигнување одржлива конкурентска предност***“** се стекнува со звање - доктор на економски науки. Паралелно со изработката на докторската дисертација се запишува повторно на прв циклус студии овој пат на Факултетот за менаџмент и организација на Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ – Свети Николе, Битола, дипломира во 2018 г. (просечен успех 9,16) и се здобива со звање – дипломиран економист – менаџер.

Кандидатката д-р Христина Серафимовска работи на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип од самото основање на Универзитетот во март 2007 г. до денес, каде што е распределена на работно место советник на ректорот/советник за настава.

Д-р Христина Серафимовска активно се служи со англискиот јазик, а за познавање на истиот има приложено и соодветен сертификат.

Дополнително во периодот од ноември 2017 до ноември 2021 г. Серафимовска е член на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, Комисијата за образование и Комисијата за култура на Општина Штип, а од 15 ноември 2021 г. е

именувана за претседател на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“ – Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

1. ***Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатката д-р Христина Серафимовска има завршено прв циклус студии со просечна оценка 9,16 и втор циклус студии со просечна оценка 8,56.
2. ***Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор на економски науки од научната област *претприемништво* и *управување со човечки ресурси* со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација „*Улогата на претприемништвото во развојот на иновативниот потенцијал на човечките ресурси за постигнување одржлива конкурентска предност*“.
3. ***Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska | *Need for Entrepreneurial Education – Designing an Educational Workshop* | Journal of Sustainable Development, Vol. 11, Issue 26, UDC 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, June 2021<br><br>(Abstracted/Indexed in: EBSCO database, CEEOL database, databases of Business Source Complete and Sustainability Reference Center.) | 2007 |
| **2** | Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska | *Protecting Human Capital in the Covid Era: Review of Educational Sector in Macedonia* | Journal of Sustainable Development, Vol. 10, ISSUE 25 (2020), 3-11, UDC: 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, Dec. 2020<br><br>(Abstracted/Indexed in: EBSCO database, CEEOL database, databases of Business Source Complete and Sustainability Reference Center.) | 2007 |
| **3** | Hristina Serafimovska, Marija Apostolova Nikolovska | *Challenges of Higher Education in Macedonia – The Impact of Education on economic Growth* | International Journal of Innovative Science and Research Technology, ISSN No:-2456-2165, Volume 5, Issue 12, December 2020<br><br>(Indexed in: SJIFactor.com) | 2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Marija Karaeva,Hristina Serafimovska | *The Role Of Centres For Development Of Planning Regions In Implementation Of Policies For Balanced regional Development In Republic Of North Macedonia* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, Year 21, No.1-2/2019<br>(Abstracted/indexed in: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) | од 1999 |
| **5** | Hristina Serafimovska, Vasil Popovski, Elenica Sofijanova | *Implications Of The Educational System On The Development Of Entrepreneurship And The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia,* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, Year 20, No.1-2/2018<br>(Abstracted/indexed in: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) | од 1999 |
| **6** | Hristina Serafimovska, Vasil Popovski | *The Management Of Human Resources As A Key Imperative For Increasing The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia,* | *ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year.19, No.3/2017<br>(Abstracted/indexed in: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) | Од 1999 |

4. ***Сертификат за познавање на англиски јазик.*** Кандидатката има приложено сертификат за владеење на англиски јазик.
5. ***Препораки од најмалку двајца редовни професори од наставно-научните области за кои се бира кандидатот.*** Кандидатката има приложено препораки од професори.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Христина Серафимовска има искуство во делот на наставно-образовната дејност. Таа има учествувано во изведување на наставата на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, по предметите Претприемништво, Производствен менаџмент, Деловно комуницирање и Менаџмент, ангажирана како експерт од пракса вкупно 4 (четири) семестри започнувајќи од зимскиот семестар во студиската 2017/2018 г.:

– Одлука на Наставно-научен совет на Економски факултет, УГД, бр. 1202-106/39 од 8.6.2017 г. за ангажираност во учебната 2017/2018 г. по предметите Претприемништво, Деловно комуницирање и Менаџмент на насоките во Штип и дисперзираните студии во Струмица.
– Одлука на Наставно-научен совет на Економски факултет, УГД, бр. 1202-182/8 од 26.10.2018 г. за ангажираност во зимски семестар 2018/2019 г. по предметите Претприемништво и Производствен менаџмент на насоките во Штип и дисперзираните студии во Струмица.
– Одлука на Наставно-научен совет на Економски факултет, УГД, бр. 1202-44/5 од 11.2.2019 г. за ангажираност во летен семестар 2018/2019 г. по предметите Претприемништво и Менаџмент на насоките во Штип и дисперзираните студии во Струмица.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Христина Серафимовска може да се оцени преку бројните научноистражувачки трудови издадени во меѓународни научни публикации, како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации и зборници од конференции во земјава и во странство, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија:**

1. H. Serafimovska, M.Sc, E. Ristova, M.Sc, (2011) - *The impact of leadership on achieving total quality management*, 8th International Congress „Machines, Technologies, Materials '11" (19-21 September), International Scientific-Technical Journal "Machines, Technologies, Materials" year V, issue 7/2011, ISSN 1313-0226, Scientific-technical Union of Mechanical Engineering, Sofia, p.26-28
2. H. Serafimovska, (2013) – *The meaning of innovation for the performance of enterprises*, 9th International Congress „Machines, Technologies, Materials '12", International virtual journal for science, tehnics and innovations for the industry – MTM Machines, Technologies, Materials, year VII, Issue 2/2013, ISSN 1313 – 0226, Scientific-technical Union of Mechanical Engineering, Sofia, p.31-34
3. H. Serafimovska, M.Sc. Stefanovska Lj., (2013) – *Maintaining the entrepreneurial orientation in family businesses,* International Review of Social Sciences and Humanities, Vol. 5, No. 2, ISSN 2248-9010 (Online), ISSN 2250-0715 (Print), Barpeta, India, p. 50-57
4. H, Serafimovska, Lj., Sotiroski, (2014) – *Implications of the Legal Framework for the Development of Entrepreneurship*, International Review of Social Sciences and Humanities, Vol. 7, No. 1, ISSN 2248-9010 (Online), ISSN 2250-0715 (Print), Barpeta, India, p. 263-273
5. V. Popovski, Ph.D, H. Serafimovska, M.Sc., (2016) - *Organizational culture imperative for higher innovation in enterprises in the republic of Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338, Year 18, No.3/2016, p. 61-74
6. H, Serafimovska PhD, (2016) – *The type of work environment and the development of innovation within enterprises in Macedonia*, Journal of economics, ISSN 1857-9973, 334.72:005.342(497.7), Vol. 1, No. 2, (2016), Goce Delcev University – Stip, p. 1-8
7. Hristina Serafimovska, Vasil Popovski, (2017) - *The Management Of Human Resources As A Key Imperative For Increasing The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year.19, No.3/2017, p.121-131
8. Elenica Sofijanova, Darko Andronikov, Hristina Serafimovska, (2018) – *Financial Management And Control Of The Agribusiness*, ISSN 1857-9973, 338.43:658. 14/.17, Journal of Economics, Goce Delcev University – Stip, p. 29-35
9. Hristina Serafimovska, Vasil Popovski, Elenica Sofijanova, (2018) – *Implications Of The Educational System On The Development Of Entrepreneurship And The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338 Year 20, No.1-2/2018, p. 187-201
10. Marija Karaeva, Hristina Serafimovska, (2019) – *The Role Of Centres For Development Of Planning Regions In Implementation Of Policies For Balanced regional Development In Republic Of North Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338, Year 21, No.1-2/2019, p. 95-108
11. Hristina Serafimovska, Marija Apostolova Nikolovska – *Challenges of Higher Education in Macedonia – The Impact of Education on economic Growth,* International Journal of Innovative Science and Research Technology, ISSN No:-2456-2165, Volume 5, Issue 12, December 2020

12. Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska – *Protecting Human Capital in the Covid Era: Review of Educational Sector in Macedonia*, Journal of Sustainable Development, Vol. 10, ISSUE 25 (2020), 3-11, UDC: 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, Dec. 2020
13. Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska – *Need for Entrepreneurial Education – Designing an Educational Workshop,* Journal of Sustainable Development, Vol. 11, Issue 26, UDC 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, June 2021

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во домашни научни списанија:**

14. Серафимовска Х**,** (2010) - *Претприемачкото однесување – фактор за економски развој,* Годишен зборник - година 2, Vol. II, ISSN 1857-76-28, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, стр. 301-308
15. Проф. д-р Трајко Мицевски, д-р Христина Серафимовска (2017) – *Влијанието на наталитетот врз бројот на средношколците*, Годишен зборник - година 8, Vol. XI, ISSN: 1857 – 7296, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, стр. 8-15

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во странство):**

16. E. Ristova, M.Sc, Z. Panov, PhD, H. Serafimovska, M.Sc (2011) - *Manufacturing strategy, total quality management and HR strategy: an integral performance measurement model*, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies, ISBN 978-80-904502-6-4, Bratislava, p. 462-464
17. M.Sc. Serafimovska H., M.Sc. Stefanovska Lj., M.Sc. Ristova E, (2011) - *Factors concerning the economic growth: HR development in institutions that support entrepreneurship*, International Scientific Conference REDETE 2011 "Researching Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies**"** , ISSN 2233-1034**,** Faculty of Economics, University of Banja Luka, p. 673-679

**Евалуација на трудови во авторство или коавторство на д-р Христина Серафимовска:**

***Евалуација на трудот бр.1***

*The impact of leadership on achieving total quality management*, 8th International Congress „Machines, Technologies, Materials '11" (19-21 September), International Scientific-Technical Journal "Machines, Technologies, Materials" year V, issue 7/2011, ISSN 1313-0226, Scientific-technical Union of Mechanical Engineering, Sofia, p.26-28

Менаџментот на целосен квалитет (TQM) е процес кој започнува со визија која треба активно да биде промовирана од организацискиот лидер. Во таа насока трудот особено ја нагласува потребата од ефективно лидерство кое ќе изгради здрава организациска култура, што подоцна ќе може да се трансформира во менаџмент на целосен квалитет. Со цел поблиску да се навлезе во спецификите на концептот трудот ги елаборира пропустите кои најчесто доведуваат до пропаст на целокупниот процес и ги нагласува потребните фази низ кои треба да се манифестира специфичниот тип на лидерство, познат како ПДЦА (PDCA) лидерство, што треба да доведе до целосна реализација на програмата за Тотален менаџмент на квалитет. Ваквиот концепт е тесно поврзан со подобрување на ефикасноста на поединците, групите и на организација во целост

***Евалуација на трудот бр.2***

H. Serafimovska, (2013) – *The meaning of innovation for the performance of enterprises*, 9th International Congress „Machines, Technologies, Materials '12", International virtual journal for science, tehnics and innovations for the industry – MTM Machines, Technologies, Materials, year VII, Issue 2/2013, ISSN 1313 – 0226, Scientific-technical Union of Mechanical Engineering, Sofia, p.31-34

Во фокусот на овој трудот се наоѓаат иновациите, како основна карактеристика на претприемништвото, потенцирајќи го значењето кое го имаат истите за перформансите на претпријатијата. Трудот одблиску го елаборира овој феномен преку дефинирање

на типовите на иновации, се задржува на расчленување на процесот на иновирање, ги третира принципите, но и опасностите кои најчесто доведуваат до застој или целосно спречување на процесот на иновирање. Трудот дава и статистички пресек за инвестициите во иновации и поттикнувањето на процесот на иновирање во претпријатијата во различни земји.

***Евалуација на трудот бр.3***

H. Serafimovska, M.Sc. Stefanovska Lj., (2013) – *Maintaining the entrepreneurial orientation in family businesses,* International Review of Social Sciences and Humanities, Vol. 5, No. 2, ISSN 2248-9010 (Online), ISSN 2250-0715 (Print), Barpeta, India, p. 50-57

Предмет на обработка на овој труд се токму фамилијарните бизниси и нивниот специфичен однос со претприемништвото. Претприемништвото, како современ и соодветен начин на дејствување од претпријатијата во турбулентното окружување, од претпријатијата бара посебен третман за негов развој. Овој третман поттикнува специфични прашања за фамилијарните бизниси, нивната подготвеност за преземање претприемачки потфати, односот кон преземањето ризик, степенот на иновативност и сл. кои зависат од внатрешната поставеност на претпријатијата и начинот на управување. За таа цел прво е утврдена природата на фамилијарните бизниси и е остварен компаративен преглед на фамилијарните со не-фамилијарните претпријатија со цел утврдување на сличностите и разликите меѓу нив, идентификувани се основните тешкотии и главните прашања кои ги засегаат овој тип на претпријатија и сл. Теоретските видувања по ова прашање се поткрепени со статистички податоци за фамилијарните бизниси главно во САД и Европската Унија. Сепак она што претставува главен фокус е идентификување на димензиите што ја отсликуваат претприемачката ориентација на фамилијарните бизниси и давање препораки за тоа како треба истата да се одржува.

***Евалуација на трудот бр.4***

H, Serafimovska, Lj., Sotiroski, (2014) – *Implications of the Legal Framework for the Development of Entrepreneurship*, International Review of Social Sciences and Humanities, Vol. 7, No. 1, ISSN 2248-9010 (Online), ISSN 2250-0715 (Print), Barpeta, India, p. 263-273

Ова истражување има за цел да го утврди влијанието на правната регулатива врз развојот на претприемништвото во општа и специфична смисла. Трудот ги издвојува конкретните регулативи кои влијаат врз зголемување на претприемачките перспективи на земјата. Секој од издвоените правни фактори е проследен со соодветна експертиза во однос на детектираните пропусти. Врз основа на утврдените пропусти и можности на актуелната состојба се изведени соодветни препораки за усовршување на правната регулатива и подобрување на претприемачката состојба на земјата.

***Евалуација на трудот бр.5***

V. Popovski, Ph.D, H. Serafimovska, M.Sc., (2016) - *Organizational culture imperative for higher innovation in enterprises in the republic of Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338, Year 18, No.3/2016, p. 61-74

Трудот го третира прашањето на иновативноста на претпријатијата во Република Македонија. Од резултатите од спроведеното истражување може да се заклучи дека забележаните достигнувања на полето на иновативноста во македонските компании се како резултат на воспоставена специфична организациската култура. Организациската култура е таа која ја насочува целокупната енергија и ентузијазам на организацијата кон една или повеќе заеднички специфични цели и го поттикнува процесот на интрапретприемништво. Резултатите покажуваат дека македонските менаџери се свесни за придобивките и ги користат сродните ставови, вредности и верувања кај вработените за постигнување на специфичните организациски цели, во случајот поттикнување на иновативноста на претпријатијата.

***Евалуација на трудот бр.6***

H, Serafimovska PhD, (2016) – *The type of work environment and the development of innovation within enterprises in Macedonia*, Journal of economics, ISSN 1857-9973, 334.72:005.342(497.7), Vol. 1, No. 2, (2016), Goce Delcev University – Stip, p. 1-8

Предмет на истражување на овој труд е прашањето за поврзаноста на работната средина во претпријатијата со развојот на иновациите. Трудот е со цел да ја утврди состојбата по ова прашање во македонските компании, да испита одблизу каков тип на работна средина е типичен за македонските претпријатија и колку истата придонесува за поттикнување на процесот на иновирање во нив. Токму заради нејзиното влијание врз поттикнувањето или попречувањето на процесот на иновирање трудот одблизу ја испитува поврзаноста на овие два сегмента во македонските компании. Заклучоците се влечени врз основа на спроведено истражување во вкупно 31 иновативна компанија во Македонија.

***Евалуација на трудот бр.7***

Hristina Serafimovska, Vasil Popovski, (2017) - *The Management Of Human Resources As A Key Imperative For Increasing The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year.19, No.3/2017, p.121-131

Овој труд е со примарна цел да ја истражи поврзаноста на менаџментот на човечки ресурси со иновативноста во претпријатијата во Република Македонија. Имајќи ја предвид значајноста на човечките ресурси, како клучен и незаменлив организациски ресурс, и ефектот кои тие го имаат врз перформансите на претпријатијата во вид на ефикасност и ефективност зависно од начинот на нивно менаџирање се поставува прашањето за тоа колку овие ресурси стратешки се користат во Република Македонија. Истражувањето дополнително ја третира иновативноста на македонските компании во функција на потенцирање на можноста, но и утврдување на состојбата во македонските претпријатија по однос на прашањето колку македонските менаџери применуваат, но и се свесни за придобивките од користење и развивање на стратегиски менаџмент на човечки ресурси во функција на постигнување на специфични цели на претпријатијата. Истражувањето опфаќа иновативни компании со цел да се утврди колку од оваа иновативност е контролирана и целно, намерно предизвикана со примена на стратегиски менаџмент на човечки ресурси.

***Евалуација на трудот бр.8***

Elenica Sofijanova, Darko Andronikov, Hristina Serafimovska, (2018) – *Financial Management And Control Of The Agribusiness*, ISSN 1857-9973, 338.43:658. 14/.17, Journal of Economics, Goce Delcev University – Stip, p. 29-35

Овој труд се занимава со анализа на прашањето на агробизнисот, како специфична дејност, и принципот на максимизирање на профитот како водечки мотив за дејствување и водење на бизнисот. Во трудот е истакната потребата од заемна вклученост на менаџерите и вработените во процесот на следење и предвидување на достигнувањата со цел да се обезбеди контрола на работењето и максимизирање на заработувачката. Овој т.н. принцип на целосна вклученост треба да обезбеди партиципација на секој поединец преку строго почитување на пропишаните процедури, правилна употреба на опремата според пропишаното, следење на проблемите и евентуалните грешки во работењето, креирање сугестии за нивно редуцирање и континуирано пренесување на искуството преку обука на нови поединци.

***Евалуација на трудот бр.9***

Hristina Serafimovska, Vasil Popovski, Elenica Sofijanova, (2018) – *Implications Of The Educational System On The Development Of Entrepreneurship And The Innovation Of Enterprises In The Republic Of Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338 Year 20, No.1-2/2018, p. 187-201

Предмет на истражување на овој труд е всушност поврзаноста на образовниот систем, неговите карактеристики и методи со развојот на претприемништвото и иновативноста на претпријатијата во Република Македонија. Истражувањето подразбира анкетирање на претставници од триесет иновативни претпријатија со цел да се утврди дали постои рефлексија од вештините стекнати како последица на образовниот процес врз работата во претпријатието и постигнатите иновативни резултати. Поточно дали популарните методи во наставата за развој на креативни карактеристики кај луѓето биле застапени во текот на нивното школување и колку тие денес имаат рефлексија врз нивното работење.

***Евалуација на трудот бр.10***

Marija Karaeva, Hristina Serafimovska, (2019) – *The Role Of Centres For Development Of Planning Regions In Implementation Of Policies For Balanced regional Development In Republic Of North Macedonia,* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on-line) UDC – 338, Year 21, No.1-2/2019, p. 95-108

Содржините во овој труд се наменети за утврдување на состојбите со претприемништвото и регионалниот економски развој во Република Македонија. Истражувањето е насочено кон утврдување на актуелните политики за регионален економски развој, имплементирани мерки и форми за негова поддршка, резултатите кои се постигнати од креираните политики и сл. Центрите за развој на планските региони се детектирани како главни носители на политиките за постигнување рамномерен регионален развој на територијата на Република Македонија. За таа цел фокусот на истражувањето е ставен на анализа на состојбите во овие институции, проценка на оправданоста од нивното постоење и акцентирање на резултатите од досегашните имплементирани политики. Заклучоците се градени врз основа на примарни извори на податоци, кои изворно даваат прецизен увид за работењето на центрите и даваат квантифициран увид за бенефитите од нив. Трудот е значаен од повеќе аспекти. Приложените податоци исто така, отвораат можности за дополнителни истражувања за разликите во нивоата на успех на постигнатиот развој на регионите, утврдување на причини за истите и сл.

***Евалуација на трудот бр.11***

Hristina Serafimovska, Marija Apostolova Nikolovska – *Challenges of Higher Education in Macedonia – The Impact of Education on economic Growth,* International Journal of Innovative Science and Research Technology, ISSN No:-2456-2165, Volume 5, Issue 12, December 2020

Важноста на процесот на образование во најголем дел се огледува во делот на креирање на човечки капитал, незаменлив ресурс за креирање конкурентска предност на претпријатијата и економијата, воопшто. Заклучоците во трудот се влечени врз основа на секундарни извори на податоци и трудот дава статистички пресек за прашањето на наталитетот, состојбата со ученичката популација по образовните институции, состојбите со човечкиот капитал во земјата, прашањето на невработеноста и економскиот раст. За поблиско запознавање со спецификите на материјата трудот го користи примерот на Општина Штип како студија на случај, притоа правејќи пресек преку согледување на состојбите во сите три степени на образование (основно, средно и високо).

***Евалуација на трудот бр.12***

Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska – *Protecting Human Capital in the Covid Era: Review of Educational Sector in Macedonia*, Journal of Sustainable Development, Vol. 10, ISSUE 25 (2020), 3-11, UDC: 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, Dec. 2020

Инвестирањето во човечки капитал, акумулирањето на знаења и вештини е основен пат до одржлив развој и економски раст на секоја држава. Со актуелните случувања со COVID -19 пандемијата овој процес е видно загрозен, а последиците од него врз економијата ќе оставаат длабоки траги. Токму затоа ова прашање заслужува посебно внимание. Оттаму справувањето се пандемијата, мерките кои се преземаат и кризниот менаџмент кои го применуваат земјите, како и интервенциите кои е потребно да бидат преземени во делот на образовниот систем се предмет на обработка на овој труд.

***Евалуација на трудот бр.13***

Marija Apostolova Nikolovska, Hristina Serafimovska – *Need for Entrepreneurial Education – Designing an Educational Workshop,* Journal of Sustainable Development, Vol. 11, Issue 26, UDC 330, ISSN 1857-8519, Integrated Business Faculty – Skopje, June 2021

Земајќи го предвид значењето на претприемништвото за развој на економијата и справување со предизвиците на современото опкружување трудот е насочен кон детектирање на начините за најсоодветно развивање на индивидуални претприемачки капацитети. Од друга страна процесот на образование е од клучна улога за развојот на знаења, вештини, ставови и вредности преку кои поединците може да вложуваат во одржлива иднина. Овој труд во суштина ја истакнува потребата образованието

да биде ставено во функција на развивање на претприемачките потенцијали на индивидуите. Истакната е потребата образовниот процес да направи повеќе од обично оспособување на младите луѓе за работа и да се насочи кон збогатување на секој поединец со вештини кој од него ќе направат активен, одговорен граѓанин кои се вложува во континуирано подобрување на своето опкружување. Трудот го нагласува значењето на претприемништвото, неопходноста од него во современото опкружување и за таа цел дава препораки за тоа како да се развие претприемничко образование, какви методи на работа да се применуваат за поединците да се развијат со повисок степен на претприемничко однесување и да прераснат во креативни и флексибилни индивидуи.

***Евалуација на трудот бр.14***

Серафимовска Х, (2010) - *Претприемачкото однесување – фактор за економски развој,* Годишен зборник - година 2, Vol. II, ISSN 1857-76-28, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип, стр. 301-308

Предмет на обработка на овој труд е поврзаноста на економскиот развој со потребата од претприемничко однесување. Научните теории и искуства од секојдневната пракса покажуваат дека претприемништвото заедно со секторот на мали и средни претпријатија е столб на економски развој. Токму затоа трудот ги обработува формите преку кои претприемништвото дава своја контрибуција во спомenатиот сегмент.

***Евалуација на трудот бр.15***

Проф. д-р Трајко Мицевски, д-р Христина Серафимовска, (2017) – *Влијанието на наталитетот врз бројот на средношколците*, Годишен зборник - година 8, Vol. XI, ISSN: 1857 – 7296, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр. 8-15

Наталитетот како демографска промена на населението игра значајна улога во економскиот и општествениот раст и развој на една земја. Токму затоа овој труд е фокусиран на прикажувањето на временска серија од триесетина години на наталитетот и бројот на средношколци и нивната корелативна зависност изразена пресметковно, табеларно и графички.

***Евалуација на трудот бр.16***

E. Ristova, M.Sc, Z. Panov, PhD, H. Serafimovska, M.Sc (2011) - *Manufacturing strategy, total quality management and HR strategy: an integral performance measurement model*, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies, ISBN 978-80-904502-6-4, Bratislava, p. 462-464

Предмет на обработка на овој труд е потребата на претпријатијата да развијат интегрален модел за мерење перформанси. За таа цел трудот поединечно ги елаборира спецификите на процесот насочен кон целосно поврзување на производствената стратегија на претпријатието, менаџментот на целосен квалитет и стратегијата за човечки ресурси во еден кохерентен процес, кој ќе обезбеди континуирано усовршување и развој на организацијата.

***Евалуација на трудот бр.17***

M.Sc. Serafimovska H., M.Sc. Stefanovska Lj., M.Sc. Ristova E, (2011) - *Factors concerning the economic growth: HR development in institutions that support entrepreneurship*, International Scientific Conference REDETE 2011 "Researching Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies" , ISSN 2233-1034, Faculty of Economics, University of Banja Luka, p. 673-679

Трудот го актуализира прашањето на развој на претприемништво и јакнење на претприемничката клима во претпријатијата. За таа цел како посебно важно прашање го издвојува прашањето на менаџментот на човечки ресурси согледано преку двата важни процеса: процесот на селекција на кадар и политиките за развој на човечки ресурси. Заклучоците се влечени врз основа на податоци кои ги опфаќаат јавните институции задолжени за креирање политики и развој на претприемништвото во државата и приватните претпријатија како носители на претприемничкиот процес. Трудот ги детектира клучните проблеми којшто се јавуваат при спроведување на политиките за развој на претприемништвото во Р. Македонија и недостатоците кои постојат во институциите наменети за развој на претприемништвото во земјата. Препораките се во насока на нивно надминување и подобрување на претприемачките потенцијали на земјата.

***Евалуација на објавените книги/учебници на кандидатот д-р Христина Серафимовска:***

1. **Христина Серафимовска, 2011, „Состојба и претприемачки перспективи на економијата во Општина Штип“, 2-ри Август, Штип (монографија)**

Содржините од оваа книга претставуваат пресек на состојбата на локалната економија на Општина Штип, во насока на утврдување на моменталните појави и идентификација на пречките и можностите за иден развој на економијата во заедницата. Анализата на профилот на Општина Штип има цел да се добие комплетна слика за тоа со каков потенцијал располага овој регион. Истата е направена од неколку аспекти и накратко се опфатени следниве содржини: географската поставеност на Општината, расположливите природни ресурси, преглед на демографската состојба и состојбата со вработувањето, како и анализа на структурата на стопанството. Направен е опсежен преглед на состојбата на претпријатијата во Општината, поткрепен со прецизни статистички податоци за бројот на мали и средни претпријатија, нивната секторска распределба и економска моќ. Анализата на МСП и претприемништвото го опфаќа и транзиционот период. Со цел утврдување на локалниот развоен потенцијал на Општината, критички се анализирани актуелните мерки за поддршка на МСП и претприемништвото, како и постојните институции - нивниот квалитет и нивната ефикасност. Во насока на подобрување на претприемачкиот амбиент и локалната бизнис клима, истражувањето е насочено и кон идентификација на состојбата на сегментите што ја сочинуваат инвестиционата клима на Општината и детектирање на реалните пречки кои придонесуваат за стагнација на развојот на малите и средните претпријатија во овој регион. Направени се препораки за тоа во кои делови од инвестиционата клима е потребно да се интервенира и се елаборирани идните развојни насоки што ги отвораат поднебјето и ресурсите на регионот.

2. **Д-р Христина Серафимовска, проф. д-р Васил Поповски, 2017, „Иновации и претприемништво“, 2-ри Август, Штип (високошколски учебник)**

Станува збор за високошколски учебник наменет за студентите по предметот Претприемништво. Содржините обработени во секое од поглавјата ќе им послужат на студентите најпрво за запознавање со теоретските аспекти на поимите претприемништво, иновативност и креативност, менаџмент на човечки ресурси, интрапретприемништво, конкурентност и сл. Концептот предвидува во последната глава, во вид на сублимат на претходно кажаното, да се опфати поентата за иновативноста и да се нагласат оние типови на организациски активности кои ја поддржуваат стратегијата на иновација и придонесуваат кон нејзина успешна имплементација. Нагласена е потребата од неминовен стратегиски пристап, односно пристап на совпаѓање на избраните стратегии на сите нивоа во насока на постигнување конкурентност на претпријатијата по пат на иновација. Како специфична определба, во случајот се преферира стратегијата на иновација во својство на конкурентска стратегија, додека остварувањето на компатибилност со практиките на менаџмент на човечки ресурси и воспоставувањето на претприемачка организациска култура во претпријатието е со цел јакнење на иновативноста во насока на постигнување на конкурентска предност на претпријатијата.

***Престои во странство***

Еразмус + размена – *International Staff Training Week* – Универзитет во Љубљана, 23 – 27 мај 2016.

За време на престојот кандидатката има спроведено истражување за состојбата на претприемништвото во високото образование и утврдување на најчестите претприемнички практики на престижните универзитети ширум Европа преку спроведено анкетно истражување на земјите учеснички во настанот. За време на престојат исто така фокус е ставено и на идентификување на иновативните менаџмент практики кои се развиени на Универзитетот во Љубљана со цел подобрување на внатрешните процеси и општите перформанси на Универзитетот.

***Учество во работилници/собири со објавени извештаи (во земјава и во странство)***

Tempus Regional Seminar – *Human Resources Management in Higher Education*, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 14/15 June, 2012

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Членство во организации, работни тела и комисии***

Д-р Христина Серафимовска поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа. Кандидатката е член на работната група на Универзитетската уписна комисија за прием на студенти во прв циклус студии од основањето на Универзитетот до денес. (прилог - Одлуки од Универзитетски сенат бр. 0201-795/6 од 6.7.2015, бр. 0201-445/20 од 16.5.2016, бр. 0201-595/16 од 29.5.2017, бр. 0201-648/22 од 25.6.2018 и бр. 0201-522/12 од 9.7.2019, бр. 0201-354/12 од 30.06.2020 и 0201-451/12 од 01.07.2021). Член е и на Комисија за попис на патнички автомобили и придружен алат на Универзитет „Гоце Делчев - Штип". (прилог - Одлуки од Универзитетски сенат бр. 0201-1341/18 од 14.12.2015, бр. 0201-848/10 од 25.10.2016, бр. 0202-981/5 од 20.11.2017 и бр. 0201-1091/22 од 28.12.2018). Член на Комисија за попис на парични средства на сметката, благајната, инструментите за плаќање и други хартии од вредност на УГД (прилог - Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-810/18 од 28.12.2019). Член на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар (прилог - Одлуки од Универзитетски сенат бр.0201-563/24 од 16.11.2020 и бр. 0201-641/38 од 01.11.2021). Исто така, кандидатката како член на работното тело за изработка на Елаборати за акредитација на студиските програми на Универзитетот во прв, втор и трет циклус студии, учествува во нивната изработка и учествува во координација на процесот на акредитација на студиските програми (прилог – Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-132/9 од 1.2.2016).

Д-р Христина Серафимовска поседува сертификати од завршени обуки од повеќе области/теми, меѓу кои: менаџмент на промени, бизнис преговарање, справување со проблематични ситуации и луѓе, работа со емоционална интелигенција, ЕУ соработка и можностите за финансирање на истражување и иновации.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната, научноистражувачка, како стручно-апликативната и организациско-развојна активност на пријавените кандидати за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научните области *претприемништво* и *управување со човечки ресурси* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Република Северна Македонија, Комисијата го констатира следново: кандидатката д-р Христина Серафимовска има одбрането докторска дисертација од соодветната област распишана во Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање доцент. Врз основа на прикажаната научноистражувачка, наставно-образовна и стручно-апликативна работа може да се заклучи дека кандидатката е продуктивен истражувач со фокус во областа на претприемништвото и проблематики поврзани со менаџментот на човечки ресурси. Од приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа, односно од целокупната активност поврзана со споменатите научни области може да се заклучи дека кандидатката д-р Христина Серафимовска ги исполнува сите законски услови за избор во звање насловен доцент.

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката д-р Христина Серафимовска да ја избере за наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво и управување со човечки ресурси.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Магдинчева-Шопова,** вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Мимоза Серафимова** – редовен професор, член, с.р.
**Д-р Мичо Апостолов** – редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Експерт од пракса | | | | | 0 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Монографија или научна книга | 2 | 10 | | | **20** |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) Ред.бр. 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 | | 9/6/3 | | 9/6/3 | 99,6<br>2x9,3=18,6<br>6x9=54<br>4x6=24<br>1x3=3 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјава: ред.бр. 14, 15<br>во странство: ред.бр. 16, 17 | 2 | 2 | 2 | 3 | 10,6<br><br>1x2=2<br>1,3x2=2,6<br>2x3=6 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | | 1/1,5 | 1 | 1,5/2 | 2 |
| 5 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 6 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 7 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **152,2** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | 2 |
| 2 | Член на факултетски орган, комисија | 14 | 2 | | | **28** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **182,2** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 64004 АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-212/5 од 10.12.2021 година донесена на 238. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 10.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област 64004 *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **д-р Сашка Јовановска (претседател),** доцент за наука за јазикот (лингвистика) од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **м-р Снежана Кирова (член),** виш лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип;
– **м-р Биљана Иванова (член),** виш лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 1 декември 2021 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. м-р Крсте Илиев, вработен како виш лектор на Филолошкиот факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, РС Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Крсте Илиев е роден на 22.7.1979 г. во Штутгарт, Германија. Во 2003 година завршува Англиска филологија и Француска филологија на ЈУЗУ „Неофит Рилски“- Благоевград, Р. Бугарија и се здобива со титулата професор и преведувач по англиски и француски јазик. Во 2008 година магистрира Англиска филологија на ЈУЗУ „Неофит Рилски“. Во 2014 година се запишува на докторски студии на Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово. Од 2008/2009 година работи на Универзитет „Гоце Делчев“ како асистент, лектор и виш лектор.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

Според член 168 од Законот за високо образование за виш лектор може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од научна област во која се избира и покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

1. М-р Крсте Илиев има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршил студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - неговиот просек на оцените од прв циклус студии е 8,03, а од втор циклус студии 9,60.
3. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).
4. Поминал најмалку еден мандат како лектор.
5. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатот м-р Крсте Илиев има завршено втор циклус студии од научната област наука за јазик – англистика, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи

дека ги исполнува законските услови за избор во звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатот м-р Крсте Илиев се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатот е ангажиран на Катедрата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следниот предмети: Шекспир и англиска ренесансна драма. Истовремено е ангажиран за изведување вежби по предметот Англиски јазик како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип: Англиски јазик на Факултет за образовни науки, Ликовна Академија и Факултет за природни и технички науки, Англиски јазик 2 на Технолошко-технички факултет, Англиски јазик 2.1 на Факултет за природни и технички науки, и Англиски јазик 2.2 на Машински факултет и Факултет за природни и технички науки. За горенаведените предмети, тој одржува вежби, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, тој ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Крсте Илиев важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се неговите досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови и научната евалуација за период од последниот избор на кандидатот до денес.

***Список на објавени научни и стручни трудови:***

1. К. Илиев, К (2021) *Representation of Jealousy and Innocence in Othello, Cymbeline and the Winter`s Tale by W. Shakespeare*. Institute of Knowledge Management Vol.45.6 стр. 1321-1326
2. Илиев,К.,Крстева,М.,Костова,К.,Донев,Д.,ПопЗариева,Н.(2020).*Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзеливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059
3. Поп Зариева, Наталија, и Илиев, Крсте. (2018). *Lady Caroline Lamb and Lord Byron: Glenarvon - a Vampire or a Wandering Jew.* Филко - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција. Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 523-528. ISBN 978-608-244-593-9
4. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Some Common Traits Shared by English Renaissance Revenge Tragedies*. Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12). стр. 25-32. ISSN 1857-7059.
5. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Attitudes to Poetry in the Antiquity and to Dramatic Poetry in Renaissance England*. Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12) стр. 65-74. ISSN 1857-7059.
6. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., и Донев, Д. (2019). *The Origins of the Seven Deadly Sins*. Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53. ISSN 1857-7059.
7. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Donev, Dragan (2018). *Mary Shelley's "Frankenstein" and Byron*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 29-34. ISSN 1857-7059

8. Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) *Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговата културолошки импликации во изучувањето.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 77-81. ISSN 1857-7059
9. Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2019). *Дракула на Брам Стокер: Суеверие или религија?* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 69-74. ISSN 1857-7059.
10. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). *Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27. ISSN 1857-7059.
11. Костова, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д., Илиев, К., и Крстева, М. (2019). *Андроцентричниот глас на текстот во драмата на Џон Озборн Обѕрни се во гнев*. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 53-58. ISSN 1857-7059.
12. Поп Зариева, Н., Костова, К., Донев, Д., Илиев, К. (2020). *Моќта на очите во Дракула на Брам Стокер*, Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (15) стр. 55-61. ISSN 1857-7059
13. Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57. ISSN 1857-7059
14. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-25. ISSN 1857-7059
15. Костова, К., Крстева, М., Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2020). *Драмата во Среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија*. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 155-161.
16. Goodspeed, Andrew, and Pop Zarieva, Natalija, and Iliev, Krste. (2020). Практикум по Британска литература 3 (19 век). ISBN: 978-608-244-785-8

1. К. Илиев, К (2021) *Representation of Jealousy and Innocence in Othello, Cymbeline and the Winter`s Tale by W. Shakespeare*. Institute of Knowledge Management Vol.45.6 стр. 1321-1326

Во овој труд се анализира љубомората кај ликовите Отело, Постхумус и Леонтес како и невиноста кај ликовите Дездемона, Имоген и Хермионе во драмите Отело, Симбелин и Зимска прикаска од Вилијам Шекспир. Современата психологија ги пронаоѓа причините за љубомората во ниската самопочит и депресијата. Според Роберт Брингл има два вида на љубомора, една поттикната од сомнеж и реактивна. Реактивната љубомора се јавува како резултат на јасен флерт од страна на партнерката со друг субјект. Дездемона, Имоген и Хермионе не даваат никаков повод за љубомората која се појавува кај Отело, Постхумус и Леонтес. Следователно можеме да заклучиме дека кај овие три лика се работи за љубомора поттикната од сомнеж, кој сомнеж ги доведува трите лика речиси до лудило. REPRESENATION OF JEALOUSY AND INNOCENCE IN OTHELLO, CYMBELINE AND THE WINTER`S TALE BY W. SHAKESPEARE | Knowledge International Journal (ikm.mk)

2. Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020). *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059

Трудот се темели на премисата дека гревовите или пороците на мрзливоста и гордоста може да се откријат релативно лесно во однесувањето на литературните ликови со високи функции, како што е на пример војсководец, принц или крал. Овој труд ги анализира постапките и недостигот на дејствија на принцот Хал во драмите на Шекспир „Хенри IV" и „Хенри V", низ призмата на карактеристиките што обично се поврзани со мрзливост и гордост, како што е наведено од Исидор од Севилја и Тома Аквински. Трудот историски

ја дефинира појавата „мрзливост“ од почетоците, кога мрзливоста се поврзувала со занемарување на религиозната функција, до XIV век, кога се здобила со втор синоним, имено „занемарување на обврската за статус или професија“, како што објаснува Зигфрид Вензел (1967: 91). https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

3. Поп Зариева, Наталија, и Илиев, Крсте. (2018). *Lady Caroline Lamb and Lord Byron: Glenarvon - a Vampire or a Wandering Jew.* Филко - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција. Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 523-528. ISBN 978-608-244-593-9

Овој труд се фокусира на едно не многу познато дело, создадено за време на романтизмот во Англија, од Лејди Каролаин Ламб, романсиер од аристократско потекло. Нејзиниот роман насловен *Гленарвон*, генерално отфрлен од критичарите, но кој Гете го сметал за дело достојно за литературен углед, всушност бил голем финансиски успех, веројатно заради неговата полуавтобиографска рамка на аферата што ја имала со лордот Гордон Бајрон, кој веќе прераснал во славна личност. И покрај малото внимание што го прими овој роман, овој труд го разгледува како готски роман кој го прикажува првиот бајронски херој надвор од опусот на Бајрон и успешно ги вклопува одликите на двата архетипски литературни лика – скитникот Евреин и вампирот. https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/152

4. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Some Common Traits Shared by English Renaissance Revenge Tragedies.* Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12). стр. 25-32. ISSN 1857-7059.

Овој труд го анализира потеклото на трагедиите за одмазда и влијанието на римскиот драматург Сенека на англиските ренесансни трагедии. Понатаму, тој нуди краток преглед за тоа што се сметало за одмазда во елизабетанска Англија и со какви поими елизабетанците ја поврзувале одмаздата. Покрај тоа, овој труд ги анализира карактеристиките што ги содржат англиските ренесансни трагедии. Трудот се фокусира на утврдување дали може да се зборува за некои вид на „заедничка шема“ што ја користеле Томас Кид, Вилијам Шекспир и евентуално други автори кога ги создале овие трајно релевантни примери на трагедии за одмазда. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

5. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Attitudes to Poetry in the Antiquity and to Dramatic Poetry in Renaissance England.* Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12) стр. 65-74. ISSN 1857-7059.

Овој труд нуди преглед на тоа како поезијата се перцепирала во антиката, како таа била спротивна на тогашната филозофија и на нејзиното влијание врз емоциите. Трудот ги карактеризира главните ставови кон поезијата во ренесансна Англија. Трудот ја истражува проблематичната положба на поезијата во ренесансна Англија која настанала поради нејзината некомпатибилност со христијанската црква и нејзините правила. Трудот заклучува дека една од главните причини за лошата позиција на поезија во тој период се должи на фактот што таа потенцира одредени емоции кои, според христијанството, треба да се избегнат заради нивната подмолна и несвета природа. Покрај тоа, трудот разгледува како Шекспир можеби гледал на поимот за поетот повторувајќи ја античката изрека дека поезијата е еден вид „божествена лудост“. Трудот завршува со гледиштето на Вилијам Вордсворт за поезијата и неговите совети за тоа како поезијата може да биде од корист, наместо штетна, за читателите и за публиката. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

6. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., и Донев, Д. (2019). *The Origins of the Seven Deadly Sins.* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53. ISSN 1857-7059.

Концептот на седумте смртни гревови се користи во католичките исповедни практики преку употребата на прирачници за каење, но за овој концепт дискутираа и разни филозофи како Тома Аквински и Роџер Бејкон. Покрај тоа, концептот бил толку популарен што поети како Данте Алигиери, Џефри Чосер, Џон Гауер и Кристофер Марлоу, автори како Вилијам Ленгленд и теолози, како што е Џон Виклиф, меѓу другите, исто така го користле овој концепт, дали да ги збогатат своите дела или да го расветлат концептот од

нивна перспектива. Овој труд го следи развојот на концептот од „египетските пустини“, преку хеленистичката теологија, „Патување на душата“, Гностиците, преку воздушните демони и аскетиците во делата на Евагриј од Понт и Јован Касијан до стандардизацијата на концептот од папата Григориј Велики во 6 век. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/187

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатот м-р Крсте Илиев активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности на Филолошкиот факултет. Од нив ги издвоивме следниве:

Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Donev, Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Tasevska, Marica (2018) Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката. [Project] (Submitted)

Покрај објавените стручни трудови, кандидатот има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, семинари и обуки:

– 19–20.09.2019, Тетово. Меѓународна научна мултилингвална конференција “Multilingialism as a Challenge of Linguistic, Literary and Cultural Communication. Организатори на конференцијата: Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово. Презентиран труд *The Rime of the Ancient Mariner: A Romantic Text and Beyond*.
– мај 2017, Штип. Семинар на тема “Enhancing teachers’ and students’ skills – latest practicesabout how children acquire language;techniques and strategies for boosting students’ word power”, во организација на National Geographic Learning, Штип.

**Кандидатот бил член во тела, комисии и институти на Филолошки факултет:**

– Учество во комисии за спроведување на комисиски испити на Филолошкиот факултет;
– Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
– Учество во организационен одбор на Филко - Третата меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2018 год., Филолошки факултет, УГД, Штип.
– Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018 и 2019 г.;
– Учество во комисија за промоција на Филолошки факултет;
– Член на Институт за јазици на Филолошки факултет;
– Учество во изработување на програма за елаборат на прв циклус студии на Филолошки факултет за студиската програма 2017/2018.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Крсте Илиев поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да го избере кандидатот м-р Крсте Илиев во звањето виш лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Сашка Јовановска,** доцент, претседател, с.р.
**М-р Снежана Кирова,** виш лектор, член, с.р.
**М-р Биљана Иванова,** виш лектор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО И НАСЛЕДНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-144/3 од 16.12.2021 година донесена на 216. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 15.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања (**вонреден професор**) за наставно-научна област граѓанско право и наследно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 1.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Милица Шутова, доцент на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

Врз основа на приложената документација и по разгледување на пријавата на кадидатката д-р Милица Шутова, Комисијата утврди дека кандидатката ја има доставено соодветната документација согласно Конкурсот и дека со тоа ги исполнува условите наведени во истиот.

Тргнувајќи од тоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. *Биографски податоци***

Доц. д-р Милица Шутова е родена на 29.1.1986 г. во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Петар Мусев“ – Богданци, а средно образование завршува во УЦ Гимназија „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, во учебната 2000/2004 година. Во 2008 година завршува прв циклус на редовни четиригодишни додипломски студии со просечен успех 9.5 на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при најстариот и прворангиран Државен универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек Правни студии (граѓанска група) и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во јуни 2011 година завршува втор циклус на постдипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, на Правосудна насока (модул А-граѓанско право) со просечен успех 10, на тема „Класификации на правните дела во современото граѓанско право“, по што се стекнува со називот магистер по право (Master of Laws, LL.M.). Во 2016 година завршува трет циклус докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје на тема „Правна заштита на добро познати трговски марки во компаративното право”. Во 2011 година положува правосуден испит, а во 2014 година нотарски испит.

Своето работно искуство го започнува како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје на Катедрата по граѓанско право, по предметите Граѓанско и Стварно право за период од 2008/2009 година па сè до 2012 година. Во периодот од 15.2.2012 до 17.8.2012 г. е вработена како стручен соработник во Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ-Скопје. Во периодот од 2014 до 2016 година е избрана за асистент на Факултетот за правни науки во состав на Прввиот приватен универзитет – ФОН, како соработник од областа на граѓанското право. Во периодот од 2016 до септември 2017 г. е вработена како раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на трудот, социјалната политика, образование и културата, Сектор за инспекциски надзор во Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Во јуни 2017 година е избрана за доцент на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на областа граѓанско право и наследно право со Одлука бр. 1102-146/5 од 19.6.2017 год. и одржува настава по предметите Семејно право, Наследно право, Граѓанско процесно-парнично право, Граѓанско право-применета програма и Извршно право.

Таа е автор на повеќе трудови од областа на граѓанското право. Нејзиниот придонес во науката е особено насочен кон граѓанската материја, со фокус на проблематиките, правата

на децата во судските постапки vis a vis европската регулатива, правата од интелектуална сопственост, вршењето на родителските права по развод на брак, детето како странка во парничната постапка итн.

Во текот на својата академска кариера има учествувано на повеќе од 50-ина научни расправи, симпозиуми, стручни собири, конференции, средби, смотри, семинари, летни и зимски школи, кампови, промоции, обуки, презентации, работилници, трибини, панел-дискусии, тркалезни маси и јавни дебати од различни области на правото, во земјава и во странство, кои се детално наведени во професионалното портфолио доставено во прилог на биографијата.

Меѓу последните може да се спомнат „Меѓународна конференција за аутсорсинг и соработка со трети земји" (Outsourcing and cooperation with third countries – deconstructing the formal and the informal in migration and asylum policies)- одржана на хибриден начин на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на 23 септември 2021 година, Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на хибриден начин на 2-3 септември 2021 година, Меѓународна научна конференција „Право и дигитализација" одржана на хибриден начин на 23.4.2021 година на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Национална конференција за семејно право организирана од Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима" на 17.3.2021 година, на тема: Дали и зошто законодавецот ги заборави реформите во семејното законодавство, Меѓународна конференција „Професионално однесување и одговорност на јавните извршители-стандарди и предизвици" одржана на 16-17 декември 2019 година во Будва (хотел Сплендид), организирана од Совет на Европа, делегација на Европска Унија во Црна Гора и Комора на јавни извршители на Црна Гора (на покана на Комората на извршители на Република Северна Македонија), меѓународна научна конференција „Одговорност во правен и општествен контекст" одржана во онлајн формат на 18.9.2020 година, Правен факултет при Универзитетот во Ниш, Меѓународна научна конференција „Правна традиција и нови правни предизвици", 3-4 октомври 2019 година во организација на Правниот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Годишна меѓународна конференција „30 години по падот на Берлинскиот ѕид" во организација на Правниот факултет „Јустинијан Први" -Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и други.

Д-р Милица Шутова е член на Организацискиот одбор на Меѓународната конференција „Општествени промени во глобалниот свет" којашто се одржува на годишно ниво на Правниот факултет при УГД – Штип. Таа е раководител на Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Била член на работната група за изработка на Законот за управни спорови во 2018 година, именувана од Министерството за правда на Република Северна Македонија и член на Комисијата за изработка на Законот за извршување -именувана со одлука од Собранието на Комора на извршители на Република Северна Македонија (Одлука бр. 02-576/5 од 18.11.2019 година) и други.

**II. *Општи услови за избор во звање вонреден професор***

Согласно со чл. 166, ст. 2 од *Законот за високото образование* („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) – Глава XI, кандидатката кумулативно ги исполнува сите законски предвидени услови за избор во наведеното наставно-научно звање вонреден професор – и тоа:

1. Остварен **просечен успех** од најмалку *8,00 (осум)* на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно. Кандидатката Шутова има просек од додипломските студии 9,5, а од постдипломските студии просечен успех 10, со што го исполнува критериумот пропишан во конкурсот за просечен успех над осум на студиите на прв и втор циклус посебно.
2. Научен степен **доктор на науки** од научната област за која се избира. Кандидатката Шутова е доктор по граѓанско право од ноември 2016 година.
3. Претходен избор во **наставно-научно звање**. Шутова претходно била бирана во звањето доцент по граѓанско и наследно право на Правниот факултет при УГД, со Одлука за избор во звање доцент на ННС бр. 1102-146/5 од 19.6.2017 год.

4. **Способност за изведување** на високообразовна дејност. Шутова во изминатите академски години има неколку позитивни оценки од студентите по спроведена интерна самоевалуација.
5. Објавени **најмалку пет рецензирани научни труда** во референтна научна публикација. Во последните пет години пред објавување на огласот за избор Шутова има објавено 14 рецензирани научни труда во референтна научна публикација кои ги исполнуваат законските услови, а се депонирани и во Е-репозиториумот на УГД и тоа:

| **Реден број** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| | **ШУТОВА, МИЛИЦА** | *Економско-правни аспекти на трговската марка* | ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ<br><br>Петта меѓународна научна конференција<br><br>„Науката - поддршка на развојот во Југоисточна Европа“ Институт за дигитална форензика<br><br>Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопј (2017)<br><br>ISBN 978-608-4714-19-4 | 2017 |
| | **VLAŠKOVIĆ, BOŽIN AND SUTOVA, MILICA** | *The European court about the identical position of tenant and provider, as intermediaries of services, in terms of trademark infringement.* | Зборник реферата са Међународног научног скупа одржаног 19. Маја, XII Мајско саветовање, (2017) године, на Правном факултету у Крагујевцу<br><br>ISBN 978-86-7623-074-7 | 2017 |
| | **SUTOVA, MILICA AND STEFANOVSKI, LJUBISA** | *Types of well-known trademarks in comparative law.* | Годишен зборник на Правен факултет бр.7 (2017)<br><br>ISSN 1857-7229 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **SUTOVA, MILICA** | *The relevant public and the scope of its impact on the determination of the well- known trademark* | Зборник од 3-та Меѓународна научна конференција<br><br>„Ефективната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал"<br><br>12-14 мај 2017, Охрид, Охридска школа на правото<br><br>ISBN 978-608-66152-1-5 (кн. 6) | 2017 |
| | **SHUTOVA, MILICA AND VLAŠKOVIC, KSENIJA** | *Legal protection of the trademark rights in license agreement* | Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (2018)<br><br>ISBN 978-608-244-548-9 | 2018 |
| | **MICKOVIC, DEJAN AND SUTOVA, MILICA** | *Вршење на родителското право по разводот на брак De Lege Lata, De Lege Ferenda.* | Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (2018)<br><br>ISSN: 1409-8962-printed form<br><br>ISSN 1857- 9221-electronic form | 2018 |
| | **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND RASKOVSKI, DRAGI AND SUTOVA, MILICA** | *Legal norms as building blocks of legal systems. International magazine for social sciences* | International magazine for social sciences "VIZIONE" (2018)<br><br>ISSN 1409-8962/ 1857- 9221 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **VLAŠKOVIĆ, BOŽIN AND SUTOVA, MILICA** | *Употреба индивидуалних и колективних жигова за обележавање производа и услуга према Уредби бр.207/2009* | XIV Мајско саветовање „Савремени правни промет и услуге (2018)<br><br>ISBN 978-86-7623-081-5 | 2018 |
| | **STEFANOVSKI, LJUBISA AND SUTOVA, MILICA** | *„Значај и функције жига у пословном и потрошачком сектору”* | Европско Законодавство (2018)<br><br>Институт за међународну политику и привреду, Белград<br><br>ISSN 1451-3188 | 2018 |
| | **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND SUTOVA, MILICA** | *Derivative acquisition of real rights in macedonian*<br><br>*contemporary law* | Зборник на трудови од Шеста меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ( 2019)<br><br>ISSN 978-608-244-647-9 | 2019 |
| | **VLAŠKOVIĆ, BOŽIN AND SUTOVA, MILICA** | *Trademark protection of letters in German and European law* | XV Мајско саветовање „Слобода пружања услуга и правна сигурност” (2019)<br><br>ISSN 978-86-7623-081-5 | 2019 |
| | **SUTOVA, MILICA** | *Application of article 12 of the Convention on the rights of the child in judicial proceedings in Republic of North Macedonia* | Зборник на трудови Охридска школа на правото-Институт за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима“, (2019)<br>ISBN 978-608-66152-4-6 (кн. 9) | 2019 |
| | **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND SUTOVA, MILICA** | *The role of legal facts in the creation, modification, and termination of civil law relations* | IUSTINIANUS PRIMUS LAW REVIEW Volume 11 ISSUE 1Year 2020 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **RISTOV, ANGEL, MICKOVIK, DEJAN AND SUTOVA, MILICA** | *Separatio bonorum – separation of the estate from the property of the heir* | Balkan Social Science Review (2021)<br><br>ISSN 1857-8799 printed version<br>ISSN 1857-8772 online edition | 2021 |

**III. Посебни услови за избор во звање вонреден професор**

Согласно со чл. 10, ст. 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник на УГД бр.50/2021 година), кандидатката кумулативно ги исполнува сите статутарни и правилнички предвидени подзаконски услови за избор во наведеното звање и тоа:

1. Кандидатката има објавено вкупно две **рецензирани монографии** од областа во која се избира и тоа:

*Во последните пет години:*

- Мицковиќ Дејан, Милица Шутова „*Разводот на брак во европските земји*", Печатница Софија, Богданци, 2020 година, ISBN 978-608-4756-41-5, линк: https://eprints.ugd.edu.mk/27476/1 (326 страници).
- Dejan Mickovic, Milica Shutova „*Parental responsibilities after divorce in European countries*"- 2020, ISBN 978-620-2-67806-3, линк: https://eprints.ugd.edu.mk/27477/1/ (95 страни).

Во однос на творештвото во форма на **дел од монографија или научна книга**, кандидатката го има објавено следното:

- Шутова, Милица и група автори, Семејно насилство, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-244-749-0, 2020.
- Sutova, Milica and Aleksandar, Dimovski (2020) „Fundamental rights of refugees/migrants during migration influx", Migration and Asylum Policies Systems (MAPS). Editoriale Scientifica Napoli, 2020, ISBN 978-88-9391-895-4, линк: https://eprints.ugd.edu.mk/27478/1.

2. Учество во **научноистражувачки проекти**, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

- Во периодот 2018-2022 зема учество во Проектот Жан Моне за вмрежување – МАПС од областа на азилот и миграцијата *Jean Monnet Network MAPS: Migration and Asylym policies systems. Weaknesses, shortcomings and reform proposals?* предводен од Унверзитетот во Неапол „Ориентале“, како истражувач;
- Претставник на Правен факултет, УГД – Штип во рамките на мрежата SEELS (South East European Law Schools Network) и учесник во проектот HELP Training-of-Trainers (ToT), Council of Europe and SEELS network, Belgrade, 6-7 ноември, 2018 година;
- Во периодот од 2019 години па сѐ до денес зема учество како член на организацискиот комитет во Проектот-Меѓународна конференција „*Општествените промени во глобалниот свет*" организирана од Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
- Во периодот 2021-2023 зема учество како истражувач во проектот „*Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките*" предложен од Центарот за анализа на право и политики, Правен факултет, Угд – Штип;
- Во периодот 2018-2019 Шутова, земала учество во двогодишниот научно-истражувачки проект *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија*, поддржан од Фондот за научно истражувачка работа на УГД – Штип и други.

3. Придонес во **оспособувањето на помлади наставници и соработници**.
**а) Рецензент**

* 2021–2018 рецензент на трудови објавени во *Годишниот зборник* на Правниот факултет при УГД , Штип – од областа на граѓанското право;
* 2021–2018 рецензент на трудови на традиционалната меѓународна конференција „*Општествените промени во глобалниот свет*“– од областа на граѓанското право (V, VI, VII and VIII International Scientific Conference *Social Change in The Global World*), Правен факултет, УГД, Штип;
* 2019 Рецензент на трудови објавени во „Зборник радова“, (58), Правен факултет во Ниш;
* 2020 Рецензент на трудови објавени во „Зборник радова“, (88), Правен факултет во Ниш;
* 2020 Рецензент на Зборникот на трудови “Одговорност у правном и друштвеном контексту” од меѓународната научна конференција одржана на 18 септември 2020 година, издаден од Правен факултет во Ниш;
* 2020 рецензент на учебникот „Европско семејно право“ од авторите: проф.д-р Дејан Мицковиќ и проф.д-р Ангел Ристов, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ за предметот Европско семејно право;
* 2021 Рецензент на трудови во меѓународното научно списание Student Social Science Journal, Правен факултет, УГД, Штип;
* 2021-2020 член на Меѓународен уредувачки одбор на Зборникот на трудови „Охридска школа на правото”, издавач Институт за правно-економски истражувања и едукација, Јуридика Прима;
* 2021–2020 рецензент на трудови во меѓународното научно списание Balkan Social Science Review, Центар за правно-политички истражувања, Правен факултет, УГД, Штип.

**б) Ментор/координатор/раководител/обучувач/тренер**

* 2021– до денес раководител на првата Правна клиника за примарна бесплатна правна помош, Правен факултет, УГД, Штип.
* 2019 член на стучна жири-комисија на XXIII Ораторска вечер „Иво Пухан“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје.
* 2018 член на стручна жири комисија на Ораторските вечери на Правниот факултет при УГД, Штип.

4. Има остварено **минимум 75 поени** кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (НО=30 + НИ=38 + САОР=7). Кандидатката Шутова, во последните пет години пред изборот, има остварено вкупна актива од 305.5 (со букви: триста пет ипол поени од релевантната Табела на активности за бодување – по сите основи [НО=45 + НИ=237.5 + САОР=23].

**IV. *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

1. **Движење во наставата и изборни постапки**

Кандидатката Шутова четири учебни години по ред (2008-2012) била **демонстратор** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје на Катедрата по граѓанско право, по предметите Граѓанско и Стварно право. Две академски години (2014-2016) била избрана за **асистент** на Правен факултет, при Првиот приватен универзитет – ФОН како соработник од областа на граѓанското право. Пет академски години (2017-2021) била **доцент** на Правниот факултет во Штип, држејќи настава по предметите: Семејно право (трета година, V семестар), Наследно право (трета година V семестар), Граѓанско процесно-парнично право (трета година, VI семестар), Извршно право (четврта година, VIII семестар) и Граѓанско право-применета програма (четврта година, VII семестар).

Кандидатката е ментор на **15 дипломски трудови**.

Освен овие активности поврзани со наставата, кандидатката во рамките на факултетот активно се вклучува во дебати, трибини и други активности од наставно-образовен и научноистражувачки карактер.

2. **Учество на научни симпозиуми во земјата и странство (конференции, тркалезни маси, работилници, школи, предавања и сл.) – со добиени соодветни сертификати за учество**

* 2017„*Граѓанскиот законик на Република Македонија: фактор за правната сигурност и владеењето на правото*", Iuridica prima, Институт за правно-економски истражувања и едукација, х. Континентал Скопје (26 октомври).
* 2017 3-тата Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото на тема „*Ефикасната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеја*", Iuridica prima, Институт за правно-економски истражувања и едукација, Конгресен Центар Охрид (12-14 мај).
* 2018-2021 V, VI, VII and VIII International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State University 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Shtip.
* 2018 Summer Course on *European Intellectual Property* Law in Trier (Germany) во организација на Академијата за Европско право (ERA) во период од 25-29 јуни.
* 2018 *HELP Training-of-Trainers* (ToT), Council of Europe and SEELS network, Belgrade, 6-7 novembar.
* 2019 Меѓународната научна и стручна конференција со наслов: „*Улогата и значењето на правничката професија за владеење на правото и неговата примена во практиката*", Iuridica prima, Институт за правно-економски истражувања и едукација (1-3 март) х. Сириус во Струмица.
* 2019 *Демократија и владеење на правото преку образованието* (мрежа на средни училишта од Источниот и Југоисточниот плански регион) – советување за статусот на правните предмети со Бирото за развој на образованието во рамки на МОН, судница на Правен факултет при УГД – Штип.
* 2019 *Владеење на правото во Романија*, предавање на визитинг-професорот д-р Луцијан Дирдала (Prof. Lucian Dirdala – Faculty of Communication and International Relation / Department of Communication and Political Science, Romania), во рамки на Erasmus+ програмата (судница на Правен факултет УГД), Штип.
* 2019 Меѓународна научна конференција „*Правна традиција и нови правни предизвици*" (Liability of the providers as intermediaries of e-commerce services in terms of trademark infringement), 3-4 октомври во организација на Правниот факултет при Универзитетот во Нови Сад.
* 2019 Training Course "*The Art of Visuals*", Риека, Хрватска (15-18 октомври, 2019 година).
* 2019 Annual International Conference „Transitions of legal Systems: 30 Years after the Fall of the Berlin Wall", Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
* 2019 Меѓународна конференција- *Професионално однесување и одговорност на јавните извршители-стандарди и предизвици* (16-17 декември), организирана од Совет на Европа, делегација на Европска Унија во Црна Гора и Комора на јавни извршители на Црна Гора (на покана на Комората на извршители на Република Северна Македонија).
* 2020 Меѓународна научна конференција „*Одговорност во правен и општествен контекст*" одржана во online формат на 18.09 од Правниот факултет при Универзитетот во Ниш.
* 2021 Меѓународна конференција за аутсорсинг и соработка со трети земји" (*Outsourcing and cooperation with third countries – deconstructing the formal and the informal in migration and asylum policies*) - одржана на хибриден начин на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на 23 септември 2021 година.

* 2021 Меѓународна научна конференција „Право и дигитализација" одржана на хибриден начин на 23.4. на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш.
* 2021 Национална конференција за семејно право на тема: *Дали и зошто законодавецот ги заборави реформите во семејното законодавство*, организирана од Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима" (17.03).
* 2021 EurofamNet webinar "*Family support & COVID*" Learning and responding from a European perspective" (29.06).

3. **Објавени книги, монографии и учебни помагала**

- **Мицковиќ Дејан, Милица Шутова** „Разводот на брак во европските земји", Печатница Софија, Богданци, 2020 година, ISBN 978-608-4756-41-5, линк https://eprints.ugd.edu.mk/27476/1 (326 страни).
- **Dejan Mickovic, Milica Shutova** „Parental responsibilities after divorce in European countries"- 2020, ISBN 978-620-2-67806-3, линк https://eprints.ugd.edu.mk/27477/1/ (95 страни).

4. Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години (од последниот избор)

– **Шутова Милица**„ Економско-правни аспекти на трговската марка" Зборник на трудови: *Петта меѓународна научна конференција „Науката - поддршка на развојот во Југоисточна Европа*", Институт за дигитална форензика Универзитет „Евро-Балкан" – Скопје, 2017. ISBN 978-608-4714-19-4. Предмет на анализа во овој труд е значењето на правата од трговската марка и нивното влијание на економскиот промет. Најнапред е даден приказ на начините на стекнување на субјективно право. Притоа авторот истакнува дека заштитата на трговската марка влијае позитивно врз економскиот раст и развој, односно генерира правна сигурност за претприемачите на полето на градењето на својот имиџ низ призмата на трговските марки, знакови на своите производи. Понатаму, преку начелото на совесност и чесност укажува на неговата тесна врска со принципите на кои почива здравата и лојална конкуренција на полето на индустриската сопственост. Целта на овој труд е да се укаже дека само ефикасен систем на заштита ќе придонесе кон стабилизирање на економскиот промет на стоки и услуги, што е од суштествено значење за растот и развојот на економските параметри ширум светот.

– **Vlašković, Božin and Sutova, Milica** „*The European court about the identical position of tenant and provider, as intermediaries of services, in terms of trademark infringement*"- Зборник реферата са Међународног научног скупа одржаног 19. маја 2017. године, на Правном факултету у Крагујевцу. ISSN 978-86-7623-074-7. Според одредбите на Директивата 2004/48 / ЕЗ, земјите-членки на Унијата треба да им овозможат на носителите на правата на интелектуална сопственост да издаваат судски налог против посредникот, чии услуги ги користи трето лице со цел повреда на тие права. Меѓутоа, посредниците денес ги нудат своите услуги и на реалниот (традиционалниот) пазар и на виртуелниот (дигитален) пазар. Со оглед на тоа дека со досегашната практика на Европскиот суд е решено прашањето за издавање на судски налог против посредникот на виртуелниот пазар, се поставува прашање дали на ист начин се решава и одговорноста на посредникот на реалниот пазар. Европскиот суд на ова прашање дава потврден одговор. Земјите-членки, во рамките на нивните законодавства, треба да обезбедат мерки, процедури и правни лекови кои се неопходни за да се обезбеди остварување на правата на интелектуална сопственост. Сите изречени мерки мора да бидат рамноправни, да не се непотребно комплицирани или скапи, ниту да повлекуваат неразумни временски ограничувања или неоправдани одложувања. Тие мерки треба да бидат пропорционални и ќе се применуваат на начин што ќе се избегне создавање бариери за легитимната трговија, а исто така ќе бидат доволно ефективни во смисла на суспендирање на постоечките и спречување на идни повреди.

– **SUTOVA, MILICA AND STEFANOSKI, LJUBISA „**Types of well-known trademarks in comparative law", Годишен зборник на Правен факултет, бр. 7, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISSN 1857-7229. Предмет на проучување и истражување во овој

труд е значењето и суштината на видовите на добро познатите трговски марки и влијанието на релевантната јавност како клучен фактор во случај на повреда на правата од трговската марка. Најнапред даден е приказ на значењето и улогата на добро познатите трговски марки како права од индустриска сопственост. Посебно внимание е посветено на видовите на добро познатите трговски марки, како и субјектите, односно лицата кои можат да се јават како носители на тие права. Понатаму авторите прават компаративна анализа и на методите на утврдување на познатоста во разни земји и преку примери од практика (вештачење), детално објаснуваат дел од методите кои се применуваат за утврдување на познатост при злоупотреба на право. Имено, целта на овој труд е да се разгрничи третманот на правната заштита, како и да се приложи подлабичена анализа на моралните овластувања кои му се признаваат на носителот, конкретно на добро познатите трговски марки како и можностите за остварување на економските вредности од истите.

– **SUTOVA, MILICA,** „*The relevant public and the scope of its impact on the determination of the well- known trademark*" Зборник од 3-та Меѓународна научна конференција „Ефективната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал" 12-14 мај 2017, Охрид, Охридска школа на правото, ISBN 978-608-66152-1-5 (кн. 6). Модерниот и брз развој на општеството, ја наметна потребата да се актуализира оваа проблематика, а со тоа и потребата од преземање на соодветни мерки за истата. Станува збор за широка и доста комплексна проблематика па следствено на тоа, постои и богата листа на меѓународни инструменти со кои се регулирани одделни аспекти на појавата. Предмет на проучување и истражување на овој труд е значењето и суштината на критериумите кои влијаат на определување на познатоста на трговската марка, со фокус на релевантната јавност. Ова, од причина што поимот на познатост на трговската марка не е прецизно дефиниран и честопати е предмет на истражување, врз основ на кои норми е регулиран, со што се има предвид проширената заштита предвидена како исклучок од принципот на специјалност утврден во домашното законодавство. Авторот се стреми да ја преиспита униформираноста во постапувањето на надлежниот орган и утврдување на познатоста на трговската марка врз основа на проширената заштита. На овој начин би се заокружил еден истражувачки процес и би се детектирале недостатоците во нормативното регулирање на добро познатата трговска марка со цел да се предложат решенија кои би го намалиле ефектот од негативните последици предизвикани од нив

– **SUTOVA, MILICA AND VLAŠKOVIC, KSENIJA**, „*Legal protection of the trademark rights in license agreement*" Зборник на трудови од Петта научна меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2018, ISSN 978-608-244-548-9 Според Регулативата 207/2009/ЕЗ стекнувачот на лиценца што не е запишан во соодветен регистар не може да поведе постапка поради повреда на права од трговска марка. Предмет на анализа е како по ова прашање постапуваат судовите во земјите членки на Европска Унија, односно како го применуваат член 23 став 1 од Регулативата 207/2009/ЕЗ. Прво, авторите го анализираат прашањето кое се однесува на правата кои стекнувачот на лиценцата кој не е запишан во соодветен регистар ги има во случај на повреда на право од трговска марка. Авторите настојуваат да се преиспита вооедначеноста во постапување во пракса, на начин кој би се заокружил еден истражувачки процес и би се воочиле недостатоците во нормативното регулирање по истото. Со оглед дека во пракса постојат случаи во кои по член 23 став 1 од Уредбата судовите во земјите членки на Европска Унија носат различни одлуки, предмет на анализа е пресудата на Европскиот суд на правда С-163/15. Целта на овој труд е да се укаже дека само преку ефикасен систем на заштита и правилна примена на законската регулатива, имајќи ја во предвид и праксата од Европскиот суд за правда ќе придонесе кон стабилизирање на економскиот промет на стоки и услуги.

– **МИЦКОВИЌ, ДЕЈАН, ШУТОВА, МИЛИЦА** „*Вршење на родителското право по разводот на брак De Lege Lata, De Lege Ferenda*"- „Петта меѓународна научна

конференција» „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2018, ISSN 978-608-244-548-9 Голем број истражувања во изминативе неколку децении покажаа дека разводот на брак има негативни последици врз децата. Ова сознание претставува предизвик да се проучува моделот на вршење на родителската одговорност по разводот на брак кој одговара на принципот на почитување на најдобриот интерес на детето. Во трудот авторите прават компаративна анализа на институтот вршењето на родителското право по развод на брак de lege lata. Авторите ги анализираат последиците од разводот на брак врз децата, како и резултатите од социолошките истражувања за влијанието на заедничкото вршење на родителското право по разводот врз децата, што е современа тенденција во светот во последниве години. Ова истражување се прави со цел да се предложат најдобри решенија кои би се имплементирале во македонското законодавство de lege ferenda. Авторите сметаат дека реформи на македонското семејно законодавство во однос на вршењето на родителското право по разводот на бракот се ургентно потребни, имајќи го предвид фактот дека бројот на разведени бракови во Македонија постојано е во пораст, а нашето законодавство има исклучително застарена концепција за родителство по развод, што доведува до сериозни проблеми за децата и родителите по разводот на брак.

- **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND RASKOVSKI, DRAGI AND SUTOVA, MILICA**, „*Legal norms as building blocks of legal systems*", International magazine for social sciences "Vizione" Skopje, 2018, ISSN 1409-8962/ 1857- 9221 e-ISSN. Во трудот се анализира правната норма како конструктивен елемент на правниот систем. Се поаѓа од општоприфатената дефиниција за правната норма како правило за поведение донесено од надлежен законодавен орган, во пропишана постапка и загарантирано од страна на државниот апарат за принуда. Врз основа на овие дефинициски обележја во трудот се врши разликување на правните норми од останатите општествени правила за поведение - моралот и обичаите. Покрај поимот, во трудот се анализира и структурата на правната норма која ја сочинуваат два основни елемента (диспозиција и санкција) и два споредни елемента (претпоставка на диспозицијата и претпоставка на санкцијата). При анализата на видовите правни норми, се поаѓа од различните класификации на правните норми познати во правната теорија, но подетално се анализираат класификациите кои имаат посебно значење за позитивно-правните дисциплини. Тоа се класификациите на правните норми според содржината, дејството и целта на правната норма.
- **VLAŠKOVIĆ, BOŽIN AND SUTOVA, MILICA** „*Употреба индивидуалних и колективних жигова за обележавање производа и услуга према Уредби бр.207/2009*", XIV Мајско саветовање „Савремени правни промет и услуге», Правен факултет, Крагујевац, 2018 ISSN 978-86-7623-081-5.

Во однос на Регулативата бр. 207/2009, употребата на знакот исклучиво со цел да се гарантира квалитетот на производите или услугите не е „вистинска употреба". Меѓутоа, ознаката за квалитет може да ги исполнува условите кои се поставени за таквата употреба доколку се користи во согласност со главната функција на трговската марка. Според становиште на Европскиот суд на правдата, наведената уредба мора да се толкува на таков начин што одредбите што се однесуваат на колективните марки не можат да се применуваат mutatis mutandis на индивидуалните марки на Европската Унија. Со донесување на Регулативата бр. 2017/1001 предвидена е под одредени услови, заштитата на ознаката за квалитет како сертификатна трговска марка на Унијата. На овој начин се остварува функцијата на означување на потекло со што се разликуваат сертификатните марки од индивидуалните.

- **STEFANOSKI, LJUBISA AND SUTOVA, MILICA** „*Значај и функције жига у пословном и потрошачком сектору*». Европско Законодавство, Институт за међународну политику и привреду, Белград, 2018 ISSN 1451-3188. Главната цел на овој труд е анализа на значењето и функциите на трговската марка во глобалното деловно опкружување. Во денешните глобални економски општества и системи на отворен пазар,

познавањето на значењето и функциите на трговската марка може да и помогне на компанијата да ги оптимизира своите активности на управување, да создаде корисна маркетинг стратегија и да добие дополнителни финансиски придобивки. Во таа насока, предмет на истражување се теоретските и практичните аспекти на важноста на трговските марки и нивната функција (го идентификува производот и неговото потекло, предлага да се гарантира неговиот квалитет, се рекламира производот, се создава слика за производ во главите на потрошувачите) во секојдневната работа на компаниите. Особено внимание се посветува на влијанието на функциите на трговската марка врз потрошувачите. За да се обезбеди поголема сеопфатност на прашањата кои се предмет на разработка во овој труд, покрај бројните теоретски размислувања и ставовите на повеќе автори, приложени се и практични примери од судската пракса.

– **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND SUTOVA, MILICA** „*Derivative acquisition of real rights in Macedonian contemporary law*", Sixth international scientific conference Social changes in the global world, Faculty of Law, University Goce Delchev – Sthip, 2019, ISSN 978-608-244-647-9. Предмет на анализа во овој труд е деривативното стекнување нан стварните субјективни права во македонското позитивно право. Трудот поаѓа од општоприфатеното становите на граѓанскоправната наука според кое граѓанските субјективни права можат да се стекнат оригинерно и деривативно. Основна цел на трудот е да прикаже и анализира како новините во законските прописи (Законот за сопственост и други стварни права, Законот за катастар на недвижности, Законот за нотаријат, Законот за договорен залог, Закон за градење, Закон за градежно земјиште и др.) влијаат на деривативното стекнување на стварните субјективни права во правниот живот. Предмет на анализата во трудот се новините во законодавството кои постепено беа воведувани во последната декада до 2019 година, а кои предизвикаа суштински промени во деривативното стекнување на стварните субјективни права, а посебно во стекнувањето стварни права на недвижности. Станува збор за новини кои се однесуваат на: формата на правните дела како правен основ за стекнување стварни субјективни права, моментот на стекнување на стварните субјективни права, видовите ствари како објект на стварни субјективни права и природата на стварните субјективни права.
– **VLAŠKOVIĆ, BOŽIN AND SUTOVA, MILICA** „*Trademark protection of letters in German and European law*" XV Мајско саветовање „Слобода пружања услуга и правна сигурност", Правен факултет, Крагујевац, 2019, ISSN 978-86-7623-081. Во поранешните германски законски решенија и судската практика, буквите и групите на букви не можеа да бидат регистрирани како трговска марка, освен кога се наметнуваат на пазарот. Овој рестриктивен пристап е напуштен во европските регулативи, а тоа значи и во новото германско законодавство. Со други зборови, буквите и групите на букви се, од гледна точка на регистрација, еднакви на другите ознаки. Меѓутоа, во однос на утврдувањето на опасноста од замена, трговските марки кои се заштитени со букви покажуваат одредени специфики, бидејќи сличноста на буквите се одредува само врз основа на визуелната перцепција. Трговските марки кои се заштитени со букви, обично имаат нормална моќ на обележување. Меѓутоа, кога покрај буквата има и дополнителна графичка стилизација, се смета дека поради краткоста на основната ознака, сликовните разлики имаат значително поголемо влијание во споредба со вообичаените заштитни знаци во зборот. Според тоа, мора да се има во вид, дека на графичката стилизација на буквите не може да му се даде значително значење, освен ако тоа не е невообичаено забележливо.
– **SUTOVA, MILICA** „*Application of article 12 of the Convention on the rights of the child in judicial proceedings in Republic of North Macedonia*" Зборник на трудови Охридска школа на правото, Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима", Скопје 2019, ISBN 978-608-66152-4-6 (кн. 9). Конвенцијата за правата на детето изврши влијание во унапредување на процесната положба на детето во судските и административните постапки кои се однесуваат на неговите интереси.

Ова сознание претставува предизвик да се проучува одделот на сослушување на детето во постапките за развод на брак кој одговара на принципот на почитување на најдобриот интерес на детето. Во овој труд, авторот го анализира моделот кој се применува во нашата земја согласно Законот за семејството и укажува на слабостите на постојните законски решенија. Следствено на тоа прави компаративна анализа на институтот најдобриот интерес на детето de lege lata. Ова истражување се прави се со цел да се предложат најдобри решенија кои би се имплементирале во македонското законодавство de lege ferenda. Врз основа на анализата на недостатоците во нашето законодавство, имајќи ги во предвид најдобрите модели кои ги применуваат Европските земји, авторот предлага измени во законската регулатива во која не е доследно имплементиран членот 12 од Конвенцијата на ООН за правата на детето, а со кои ќе се надминат слабостите и ќе се обезбеди поголема правна сигурност на детето.

- **ZIVKOVSKA, RODNA AND PRZESKA, TINA AND SUTOVA, MILICA** „*The role of legal facts in the creation, modification, and termination of civil law relations*" Iustinianus Primus Law Review, Volume 11 ISSUE 1Year 2020, Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. Во трудот се претставуваат правните факти и се анализира нивното влијание на граѓанскоправните односи. Трудот поаѓа од општоприфатената поделба на правните факти во правната наука – поделбата на настани и човекови дејствија. Исто така, во трудот е земена предвид и посебната категорија правни факти – волјата на државните органи изразена во конкретните правни акти. Анализата на влијанието на правните факти на граѓанскоправните односи се врши во три посебни точки и ги опфаќа трите категории на правни факти. Во првата точка се анализира влијанието на најзначајните настани во граѓанското право: раѓањето, возраста, протекот на законски определениот рок, болеста, заостанатиот умствен развој, смртта, вишата сила, венчавката и посвојувањето. Втората точка опфаќа анализа на влијанието на човековите дејствија како правни факти врз граѓанскоправните односи. Посебно се претставуваат двете посебни категории човекови дејствија, односно дозволените човекови дејствија (изјавите на волја и дејствијата согласни со правото) и недозволените човекови дејствија (граѓанскоправните деликти). Во третата точка е претставено влијанието на волјата на државните органи и како таа влијае на граѓанскоправните односи, односно на стекнувањето и престанокот на граѓанските субјективни права. Анализата се врши преку повеќе управни постапки во кои се стекнуваат или губат граѓански субјективни права под влијание на волјата (актите) на државните органи.
- **ANGEL RISTOV, DEJAN MICKOVIK, MILICA SHUTOVA, „***Separatio bonorum – separation of the estate from the property of the heir***"**, Balkan Social Science Review (BSSR), Faculty of Law University "Goce Delcev" – Stip, 2021. Со настапувањето на смртта на едно лице се гасне неговиот правен субјективитет и се отвора неговото наследство. Имотните права и обврски на оставителот по силата на законот преминуваат на неговите наследници. За да се заштитат интересите на доверителите од несовесните и инсолвентни наследници уште од римското право бил востановен институтот separatio bonorum, одвојување на наследството од имотот на наследниците. Со помош на овој институт се овозможувало да не дојде до спојување на наследениот дел од оставината со имотот на наследникот, со цел доверителите на оставителот да ги намират своите побарувања пред доверителите на инсолвентниот наследник. Поради својата важност и значење за правната сигурност овој институт е прифатен и во современите наследни права. Во трудот авторите го анализираат институтот separatio bonorum и неговата не/примена во практиката со цел да дадат предлози за надминување на постојните проблеми во обезбедувањето на поголема заштитата на доверителите.

Во однос на творештвото во форма на **дел од монографија или научна книга,** кандидатката го има објавено следното:

- **Sutova, Milica and Aleksandar, Dimovski** (2020) „*Fundamental rights of refugees/migrants during migration influx*", Migration and Asylum Policies Systems (MAPS). Editoriale Scientifica Napoli, 2020, ISBN 978-88-9391-895-4. Публикацијата претставува една од активностите коишто се спроведени во рамките на проектот. Во делот од публикацијата авторите говорат за основните човекови права на мигрантите за време на миграциските текови. Во книгата се прави анализа на постапката за регистрација на лица без документи (бегалци, мигранти, лица без државјанство или баратели на азил). Ова, се со цел да се увиди на кој начин органите во нашата држава постапуваат кога постои потреба да се обезбеди оперативна помош за регистрација.

Што се однесува до **секциските предавања на научен собир**, кандидатката д-р Милица Шутова, по покана на Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима", Скопје, на 17.3.2021 година, на научниот собир:Дали и зошто законодавецот ги заборави реформите во семејното законодавство, одржала предавање на тема „*Процесноправна положба на детето во парничната постапка*". На научниот собир на тема „*Comparison of the Civil law regulation and practices between North Macedonia, Poland and Lithuania (challenges and solutions)* организиран од Граѓанската катедра на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на ден 15.10.2021 година, кандидатката одржала предавање на тема „*Parental responsibilities after divorce in the Republic of North Macedonia*". На научниот собир „Предности и слабости на законската регулатива на правата од индустриска сопственост", во организација на Правниот факултет при Првиот приватен Универзитет „ФОН", кандидатката одржала предавање на тема: „*Граѓанско правна заштита на добро познатите трговски марки*" во 2018 година.

Во делот **одржано предавање по покана од научна институција**, кандидатката д-р Милица Шутова има одржано предавање пред студентите од III година по покана на проф. Зорица Силјановска од Правниот факултет при Првиот приватен Универзитет „Фон" на ден 15.10.2019 на тема „*Судска заштита на правата на доверителите во постапка за обезбедување на побарување со претходни мерки*".

Што се однесува до **учество на научен собир со реферат (постер/усно)**, д-р Шутова учествувала на следните собири**:**

- **Sutova, Milica and Vlaškovic, Ksenija**, „Legal protection of the trademark rights in license agreement. Fifth international scientific conference"- *Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет*", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, 2018 година.
- **Мицковиќ, Дејан, Шутова, Милица,** „Вршење на родителското право по разводот на брак De Lege Lata, De Lege Ferenda, *Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет*», Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, 2018 година.
- **Vlašković, Božin and Sutova, Milica**, „Trademark protection of letters in German and European law", XV Мајско саветовање „Слобода пружања услуга и правна сигурност, во организација на Правен факултет во Крагуевац, 2019 година.
- **Mickovic, Dejan and Sutova, Milica**, Child support after divorce: de lege lata, de lege ferenda, *International Scientific Conference "Law and multidisciplinarity"*, во организација на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Србија, 12-13 април 2019 година.
- **Шутова, Милица,** Улогата на Центарот за социјални работи во граѓанско-судските постапки**,** *Шеста меѓународна научна конференција» „ Општествените промени во глобалниот свет*», Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, 2019. година.
- **Kambovski, Igor and Sutova, Milica**, Liability of the providers as intermediaries of e-commerce services in terms of trademark infringement, „Legal tradition and new legal challenges", 3-4 Oct 2019, во организација на Правен факултет, Универзитет во Нови Сад, 2019 година.
- **Шутова, Милица,** „Привремена мерка во парнична постапка поради издршка на дете", *Седма меѓународна научна конференција» „Општествените промени во глобалниот*

*свет*», Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, 2-3 септември, 2020 година.

Во делот **раководител на научен проект**,

Кандидатката покрај тоа што учествува како истражувач во сите претходно наведени, таа се јавува и како раководител на Правната клиника на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (2021 година).

Кандидатката е **уредник на научно списание** и тоа:

1. Меѓународно научно списание Зборник на трудови од седмата и осмата меѓународна научна конференција» „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, (издание 2020 и 2021 година).
2. Меѓународно научно списание Зборникот на трудови "Одговорност у правном и друштвеном контексту" од меѓународната научна конференција од 18 септември 2020 година, издаден од Правен факултет во Ниш.

Д-р Шутова е член на **уредувачки одбор на следните научни списанија:**

1. Меѓународно научно списание *Зборникот на трудови „Охридска школа на правото*", издавач- Институт за правно-економски истражувања и едукација, Јуридика Прима, 2020/2021 година;
2. Меѓународно научно списание *Зборник на трудови од шестата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет*», Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, (2019, 2020 и 2021 година).

**V. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)**

**1. Пленарно предавање на стручен собир**

– 2021 (6 мај) предавач на Советување на тема: „*Процесно правни аспекти при одземање на родителско право и продолжување на родителско право по полнолетство*“ организирано од Академија за судии и јавни обвинители, Скопје.
– 2020 година (29 февруари-1март) предавач на семинар во организација на Комора на извршители на Република Северна Македонија на тема: *Закон за измени и дополнувања на Закон за извршување (Службен весник бр. 14/20), начин на постапување од страна на извршителите во согласност со измените и дополнувањата на Закон за извршување.*
– 2019 година (16-17 ноември) предавач на семинар во организација на Комора на извршители на Република Северна Македонија на тема: *Предности и слабости на Законот за извршување и потребата од воведување на нови надлежности, предлози de lege feranda.*

**2. Член на универзитетски или владини тела**

– 2018 година, член на работната група за изработка на *Законот за управни спорови.* именувана од Министерството за правда на Република Северна Македонија.

**3. Член на факултетски орган, комисија**

– 2018–2019 Член на Уписна/конкурсна комисија за упис на студенти на Прв циклус студии на Правниот факултет при УГД Штип во повеќе учебни години [прием, средување и електронска обработка на документација].
– 2019 Претседател на Дисциплинска комисијана на Правниот факултет – Штип.
– 2019 Член на Изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на декан на Правниот факултет – Штип.
– 2019 Член на Изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на УГД на Правниот факултет – Штип.
– 2019 Член на Пописна комисија на Правниот факултет при УГД.
– 2020-2021 Член на конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
– 2021-2025 Член на факултетска комисија за спроведување на самоевалуација.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование, Законот за работни односи, Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и од Правилникот за критериумите и постапката на избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Комисијата едногласно констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови наведени во Конкурсот за избор во наставно звање – вонреден професор од областа *граѓанско и наследно право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Перформансите и достигнувањата на д-р Милица Шутова во периодот од изборот во звањето доцент до денес даваат слика на исклучителен научен работник, подеднакво во поглед на нејзините академски квалификации и интереси, достигнувањата во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, и посветеноста во наставно-образовната дејност како доцент на Катедрата по граѓанско право на Правниот факултет, УГД-Штип. Станува збор за научен работник со огромен потенцијал и амбиција, за кој што веруваме дека има уште многу да понуди во развојот на академската дисциплина граѓанско и наследно право и генерално на македонската научна мисла.

Имајќи го предвид сето гореизнесено, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере Д-Р МИЛИЦА ШУТОВА во наставно-научното звање вонреден професор од областа граѓанско и наследно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Д-р Дејан Мицковиќ,** редовен професор – член, с.р.
**Д-р Игор Камбовски,** редовен професор - претседател, с.р.
**Д-р Ангел Ристов,** вонреден професор - член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Монографија или научна книга | **1** | **10** | **1** | **15** | **25** |
| | Дел од монографија или научна книга | | | 1 | 15 | **15** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 9(прв автор) 6 (два автори) 3 (четири автори) | 45+30+12 | | | **87** |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4 | 2 | 1 | 3 | **11** |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 4 | 2 | | | **8** |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | **2** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 4 | 1.5 | 3 | 2 | **12** |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | **4** |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | 2 | 3 | **8** |
| | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 3 (останати) | 3 | | | **9** |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | (останати) 4 | 1 | | | **4** |
| | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | 1 | 3 | **5** |
| | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 2 | | | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 7 | 1 | | | **7** |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | (останати) 20 | 1 | 3 | 1.5 | **24.5** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **237.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Пленарно предавање на стручен собир | 3 | 2 | | | **6** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | **12** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **23** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **305.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОЕКОНОМИЈА (30616) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-335/6 од 14.12.2021 година донесена на 269. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 14.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област фрамакоекономија (30616) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- **проф. д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор за наставно-научната област социјална фармација и фармацевтска технологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- **проф. д-р Александра Капедановска-Несторовска,** вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска хемија и фармакоинформатика, вработена на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
- **доц. д-р Биљана Лазарова,** доцент за наставно-научната област фармакоинформатика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Клиничка болница - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 1.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави:

- **д-р Зоран Наков,** магистер по фармакоекономија и здравствен менаџмент, доктор на фармацевтски науки.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот д-р Зоран Наков, според распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии на Фармацевтски факултет (заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Фармацевтски факултет (заверена кај нотар);
- Диплома за завршени магистерски студии;
- Примерок од магистерскиот труд;
- Диплома за одбранета докторска дисертација;
- Примерок од докторската дисертација;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Зоран Наков** е роден на 19.12.1978 година во Штип. Средно образование завршува во Штип при УМЦ „Јане Сандански“, во 1997 година. Со високо образование се стекнува на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Дипломира на 2.4.2003 година, со просечен успех 8,17.

Во мај 2004 година го положува стручниот испит за дипломирани фармацевти. Во учебната 2006/2007 г. се запишува на магистерски студии по здравствен менаџмент

и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршува во предвидениот рок, со просечен успех 9,62 со 120 ЕКТС и се стекнува со квалификација на ниво VII А од Националната рамка на високообразовни квалификации и VII Европската рамка на високообразовни квалификации. На 26.11.2013 година го брани магистерскиот труд на тема „Менаџирање со ланец на набавки во фармацевтската индустрија“ и се стекнува со научното звање магистер по здравствен менаџмент и фармакоекономија.

Во учебната 2014/2015 г. на Фармацевтскиот факултет во Скопје се запишува на третиот циклус студии. Истите успешно ги завршува и се стекнува со 180 ЕКТС, односно квалификација на ниво VIII од Националната рамка на високообразовни квалификации и Европската рамка на високообразовни квалификации.

Докторската дисертација на тема „Регулаторна стратегија за лекови за ретки болести и проценка на квалитетот на животот во однос на здравјето кај пациенти со цистична фиброза во Република Северна Македонија” ја брани на 19.8.2019 година. Со тоа се стекнува со научниот степен доктор на фармацевтски науки.

Кандидатот д-р Зоран Наков своето прво работно искуство го почнува во 2004 година во домашната фармацевтска компанија „Реплек фарм“ АД Скопје. Почнува како стручен соработник, а во 2008 година истата ја напушта на позиција раководител на сектор Комерција.

Професионалната кариера од 2008 година до 2009 година ја продолжува во реномираните странски фармацевтски компании Boehringer – Ingelheim Pharma GmbH и Merck Sharp & Dohme, Merck Idea Inc на позиции стручен соработник / продукт специјалист.

Во декември 2009 година станува дел од тимот на „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ Скопје на позиција стручен соработник / постар стручен соработник за дијабетес. Во 2019 година е промовиран во менаџер за клучни клиенти – дијабетес. Во моментот е на позиција менаџер за клучни клиенти – дијабетес и биофарм.

Кандидатот активно се служи со говорен и пишан англиски јазик.

Кандидатот е член на Македонското фармацевтско друштво и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови**

Кандидатот д-р Зоран Наков ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во референтот на Рецензентската комисија и тоа:

- просечен успех на студиите од 8,17 (повеќе од 8.0);
- магистер по здравствен менаџмент и фармакоекономија, просечен успех 9,62 (повеќе од 8.0);
- доктор на фармацевтски науки со одбранет труд од областа фармакоекономија и социјална фармација;
- објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Z. Nakov**, S. Acevski, V. Velkoska, S. Naceva Fushtik, N. Nakov, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska | Health-related quality of life of teen / adult patients with cystic fibrosis in the Republic of North Macedonia | (2021)<br><br>Maced. Pharm. Bull. 2021, 67<br><br>ISSN 1409 – 8695 | 2002 |
| 2 | **Z. Nakov**, S. Naceva Fushtik, S. Acevski, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska | Social aspect as a part of HRQoL in patients with cystic fibrosis in Republic of North Macedonia | (2020)<br><br>Maced. Pharm. Bull. 2020, 66 (Suppl 1): 167-168<br><br>ISSN 1409 – 8695 | 2002 |
| 3 | **Z. Nakov**, S. Naceva Fushtik, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska | Health-related quality of life of Macedonian families experiencing cystic fibrosis in pediatric practice | (2019)<br><br>Folia Medica 2019, 61 (2):213-222.<br><br>ISSN 1314-2143 | 1965 |
| 4 | S. Acevski, **Z. Nakov** | Need for implementation of pharmacoeconimics in healthcare system, case of analysis of antibiotic consumption in Republic of Macedonia for 2016 | (2017)<br><br>Maced. Pharm. Bull. 2017, 63(2):11-20.<br><br>ISSN 1409 – 8695 | 2002 |

– кандидатот приложи потврда за познавање на англискиот јазик;
– поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

– Постигнувањата во примената на научноистражувачките резултати кандидатот ги манифестира во текот на магистерските и докторските студии на Фрамацевтскиот факултет при УКИМ Скопје, при изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација и објавените и презентирани трудови;
– Кандидатот приложи две препораки од професори;
– Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на студиите по фармација и магистерските студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија;
– Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019), член 10 став 2 и член 14 став 2 нема рецензирана скрипта и практикум;
– Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето вкупно 88,8 поени.

Кандидатот ги исполнува општите и посебните услови за избор.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Зоран Наков своето прво работно искуство го почнува во 2004 година во домашната фармацевтска компанија „Реплек фарм“ АД Скопје. Почнува како стручен соработник, а во 2008 година истата ја напушта на позиција Раководител на сектор Комерција.

Професионалната кариера од 2008 година до 2009 година ја продолжува во реномираните странски фармацевтски компании Boehringer – Ingelheim Pharma GmbH и Merck Sharp & Dohme, Merck Idea Inc на позиции стручен соработник / продукт специјалист.

Во декември 2009 година станува дел од тимот на „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ Скопје на позиција стручен соработник / постар стручен соработник за дијабетес. Во 2019 година е промовиран во менаџер за клучни клиенти – дијабетес. Во моментот е на позиција менаџер за клучни клиенти – дијабетес и биофарм.

За време на работењето активно учествува во обуката на млади фармацевти за потребите на установите во кои работи, особено од областа на фармакоекономијата и менаџментот.

**Докторски труд**

**Регулаторна стратегија за лекови за ретки болести и процена на квалитетот на живот во однос на здравјето кај пациенти со цистична фиброза во Република Северна Македонија, Скопје, 2019**

Овој докторски труд се состои од два комплементарни дела и тоа: прв дел, во кој се опфатени општите дефиниции за тоа што е ретка болест, со акцент на фактот дека постојат многу различни дефиниции, но најчесто дефинирани се дефинициите на ниво на САД и ЕУ. Направен е детален преглед на регулаторните барања кои се однесуваат на лековите за ретки болести на ниво на FDA и EMA. Покрај нивниот детален опис во овој докторски труд е направена и нивна компаративна анализа со акцент на нивните сличности и разлики. Посебен дел е посветен и на анализа на регулаторните барање за лековите за ретки болести на ниво нашата држава.

Вториот дел од овој докторски труд се однесува на спроведена Health Related Quality of Life (HRQoL) анализа на пациенти со цистична фиброза во Р. Северна Македонија. Цистичната фиброза е ретка болест, но е доволно честа и како таква е одбрана за да може добиените податоци да подлежат на статистичка обработка. Ваков тип на анализа е направен за прв пат во нашата држава. Анализата е направена со користење на болест – специфичен прашалник (HRQoL) за цистична фиброза добиен на користење од страна на Универзитетот во Мајами (оддел за психологија). Во 2017 година во нашата држава биле регистрирани вкупно 102 пациенти со цистична фиброза. Во оваа анализа беа вклучени вкупно 31 пациент постари од 13 години, 22 пациенти на возраст од 6 до 13 години и вкупно 20 родители на деца со од 6 до 13 години со цистична фиброза.

**Магистерски труд**

**Менаџирање на ланец на набавки во фармацевтска индустрија, Скопје, 2013**

Магистерскиот труд е составен од два дела и тоа прв дел каде се опфатени основите на менаџирањето со синџирот на набавки - структура, организација и планирање, организациските структури со имплементиран SCM, индикаторите за остварување (KPI) во менаџирањето на синџирот на набавки, принципи и менаџмент системи при воведување на SCM во фармацевтски компании, анализирани се целите и специфичностите на SCM во фарма индустријата и детерминирани се иднината и предизвиците на SCM во фармацевтските компании. Во вториот дел од магистерскиот труд е направен приказ на случај на имплементација на SCM во анализирана фармацевтска компанија.

**Научен труд објавен во меѓународно научно списание до 2016 година**

1. **Z. Nakov**, S. Acevski, R. Zarevski. Implementation of supply chain management (SCM) in pharmaceutical company, general principles and case study. Maced. Pharm. Bull. 2014, 60(2):75-82.

Главна цел на трудот е анализа на процесот на имплементација на SCM во делот планирање, со акцент на планирање на производството и детален распоред како дел од мрежното планирање на ниво на целата компанија, со цел оптимизација и синхронизација на процесот на набавка со побарувања. Трудот има научна и апликативна вредност.

2. **Z. Nakov**, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska. Orphan diseases, orphan drugs and orphan regulation in USA and EU. IOSR Journal of Pharmacy 2016, 6(1):01-06. **ISSN:** 2250-3013

Главна цел на трудот е краток литературен осврт на ретките болести, нивна дефиниција на ниво на САД и ЕУ, преглед и детален опис на регулаторните барања за орфан лекови на ниво на FDA и EMA. Трудот има научна и апликативна вредност.

3. **Z. Nakov**, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska. Orphan drugs – comparative review of FDA and EMA regulations. Maced. Pharm. Bull. 2016, 62(suppl):133-134.

Главна цел на трудот е компаративна анализа на регулаторните барања на FDA и EMA во однос на орфан лековите со акцент на нивните сличности и различности. Детектирани се сличности во делот на скратена постапка за регистрација, ослободувања од плаќања на надоместоци и протокол асистенција. Разлики постојат во делот на маркет ексклузивноста, даночните олеснувања и изворот на грантови. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Презентации на конференции и стручни собири во периодот до 2016**

4. **Z. Nakov**, R. Zarevski, Lj. Suturkova, Lj. Drakulevski, S. Acevski. Implementation of supply chain management (SCM) in pharmaceutical company. Abstract book of First Macedonian and Fourth Adriatic Congress on pharmacoeconomics and outcome research 157-159 (P31), 24-27 April, 2014 Ohrid, R. Macedonia.

Постер презентација на труд за имплементација на Supply Chain Managemet (SCM) во анализирана фармацевтска компанија. Главна цел на трудот е анализа на процесот на имплементација на SCM во делот планирање, со акцент на планирање на производството и детален распоред како дел од мрежното планирање на ниво на целата компанија, со цел оптимизација и синхронизација на процесот на набавка со побарувања.

5. S.Acevski, Z.Sterjev, **Z.Nakov**, V.Indov. Case study of transplantation and immunosuppressant therapy in Macedonia – five year follow up 2009 – 2013. Abstract book of First Macedonian and Fourth Adriatic Congress on pharmacoeconomics and outcome research 146-148 (P26), 24-27 April, 2014 Ohrid, R. Macedonia.

Примарна цел на трудот е анализа на состојбата со трансплантацијата на органи и имуносупресивна терапија во Р. Македонија за период од 2009 год. до 2013 год. Заклучено е дека сукцесивно секоја наредна година бројот на трансплантирани пациенти се зголемува, а се намалува сумата на потрошени средства за пропишана имуносупресивна терапија. Основа причина е континуираното намалување на цената на оваа група на лекови.

**Трудови објавени во научни списанија во периодот од 2016 до 2021 година**

Објавени научни и стручни трудови во последните пет години, кои се предмет на рецензија:

6. **Z. Nakov**, S. Acevski, V. Velkoska, S. Naceva Fushtik, N. Nakov, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska. Health-related quality of life of teen / adult patients with cystic fibrosis in the Republic of North Macedonia. Maced. Pharm. Bull. 2021, 67 (early on line)

Во трудот се истражува квалитетот на живот во однос на здравјето (Health-related quality of life, HRQoL) на тинејџери/возрасни пациенти со цистична фиброза во Р. Северна Македонија, за првпат. Примарната цел е да се испита HRQoL по сите дефинирани парамети на овие пациенти. Секундарна цел на овој труд е да се испита поврзаноста на тековната медицинска терапија со добиените резултати по испитуваните HRQoL параметри. Трудот има научна и апликативна вредност.

7. **Z. Nakov**, S. Naceva Fushtik, S. Acevski, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska. Social aspect as a part of HRQoL in patients with cystic fibrosis in Republic of North Macedonia. Maced. Pharm. Bull. 2020, 66 (Suppl 1): 167-168.

Примарна цел на трудот е да се испита социјалниот аспект на адолесценти и возрасни пациенти постари од 13 години со цистична фиброза во Р. Северна Македонија. Мерењето на социјалниот аспект на овие пациенти е од големо значење во насока за подобрување на нивните функционални способности. Истражуваниот социјален аспект се однесува на нивните квантитативни и квалитативни социјални контакти и интеракции. Мерењето на презентираниот социјален аспект е направено како дел од целосно HRQoL истражување и со истото се презентира субјективната перцепција за ефектот на болеста или соодветните медицински интервенции на физичкиот, психолошкиот и социјалниот аспект од секојдневниот живот на овие пациенти со цистична фиброза. Трудот има научна и апликативна вредност.

8. **Z. Nakov**, S. Naceva Fushtik, J. Tonikj Ribarska, S. Trajkovikj Jolevska. Health-related quality of life of Macedonian families experiencing cystic fibrosis in pediatric practice. Folia Medica 2019, 61 (2):213-222.

Во трудот за првпат се истражува HRQoL на деца со цистична фиброза и нивни родители во Република Македонија. Вкупно се опфатени 22 деца (од 6 до 13 години) и 7 родители на деца со цистична фиброза под 6 години. Истражувањето беше направено со користење на болест специфичен инструмент (HRQoL прашалник) од кој беа користени две верзии и тоа една верзија за деца од 6 до 13 години и втора верзија за родители на деца со цистична фиброза под 6 години. Прашањата од HRQoL прашалникот покриваа три модули и тоа: HRQoL, симптоми и вкупна здравствена состојба. Трудот има научна и апликативна вредност.

9. S. Acevski, **Z. Nakov**. Need for implementation of pharmacoeconimics in healthcare system, case of analysis of antibiotic consumption in Republic of Macedonia for 2016. Maced. Pharm. Bull. 2017, 63(2):11-20.

Со цел да се евалуира потрошувачката на антибиотици во Р. Македонија за 2016 година земен е предвид годишниот извештај од ФЗОМ за анализираната година. Вкупно се анализирани 174 лека кои содржат антибиотик како активна супстанција. Анализата е направена на класи на антибиотици и тоа: пеницилински препарати, цефалоспорински препарати, макролиди, хинолони и други. Целта на истражувањето е да се воспостави пракса на задолжителни фармакоекономски принципи при носењето на одлуки во здравствениот систем во Р. Македонија. Резултатите во трудот се во прилог на заклучокот дека примената на класичен статистички пристап во креирањето на здравствените одлуки може да резултира со контрадикторни резултати кои ќе водат до непотребни трошоци за здравствениот систем. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2016 до 2021 год.**

10. S. Fushtik, L. Spirevska, T. Jakovska, **Z. Nakov**. Analysis of demographic characteristics and cumulative survival of cystic fibrosis population in the Republic of Macedonia. Poster Sessions / Journal of Cystic fibrosis 2018, S59-S138.

Примарна цел на трудот е анализа на демографските податоци на пациентите со цистична фиброза во Р. Македонија и пресметка на кумулативното преживување на нашите пациенти во Р. Македонија, работено по Kaplan Meier. Кумулативното преживување го означува процентот на пациенти кои се цензурирани (преживеале во анализираниот период). Добиените податоци за кумулативно преживување на нашите пациенти се во линија со европскиот просек. Трудот има научна и апликативна вредност.

До 2016 година кандидатот е автор на три труда објавени во меѓународни научни списанија и активно учествувал со постер-презентации на две конференции и стручни собири.

Во периодот од 2016 до 2021 година кандидатот објавил четири труда во меѓународни научни списанија и активно учествувал на една меѓународна конференција со постер-презентација.

Кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање насловен доцент.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот има богато 18-годишно работно искуство во реномирани фармацевтски компании на различни позиции, како стручен соработник, раководител на сектор менаџер. Во моментот е на позиција менаџер за клучни клиенти – дијабетес и биофарм во „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ Скопје.

Во рамките на своите професионални активности до 2016 година кандидатот одржал 11 стручни презентации наменети за едукација на целни групи здравствени работници во земјата и во странство на стручни собири:

11. Важност на добра дистрибутивна пракса во испорака на лекови
Стручна презентација на фармацевти на национално ниво
Реплек фарма АД Скопје, 11.2006 година
12. Основи на ISO 9001 and ISO 14001 стандарди и нивна имплементација во секојдневна веледрогериска пракса
Реплек АД Скопје, 2.2008 година
13. Што знаеме за ефикасноста на рекомбинантните хуман папилома вирус вакцини?
Стручна пезентација на матични гинеколози
Merck Sharp & Dohme, Merck Idea Inc, 03.2009 година
14. Предности на современа инсулинска терапија
Стручна презентација во Клиничка болница Аџибадем Систина
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 10.2010 година
15. Современи инсулински пенкала за апликација на инсулинска терапија
Стручна презентација на болнички фармацевти, х. Александар Палас – Скопје
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 12.2010
16. Предности на болусниот инсулински аналог во однос на хуманиот кристален инсулин
Стручна презентација, регионална работилница со интернисти во југозападен регион, х. Милениум – Битола
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 3.2011
17. Дијабетес и коморбидитети
Секциски состанок на Националното здружение на ендокринолози и дијабетлози на Република Македонија, Воденица – Скопје
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 11.2013
18. Ладен ланец за транспорт на инсулинска терапија
Стручна презентација на фармацевти, х. Александар Палас – Скопје
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 12.2013
19. Фармакоекономски анализи на новиот ултра долго делувачки инсулин деглудек
Секциски состанок на Националното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Република Македонија, х. Александар Палас – Скопје
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 3.2014
20. Механизам на делување на GLP-1RA и нивна улога во успешно менаџирање на дијабетесот
Стручна презентација, регионална работилница со интернисти во северозападен регион, Етно Село – Куманово
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 6.2014
21. Кардиоваскуларен бенефит на новата не - инсулинска терапија во третманот на дијабетесот
Стручна презентација, работилница со интернисти, Порта Македонија - Скопје
„Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 3.2015

Во периодот **од 2016 до 2021** одржал 12 стручни предавања на едукативни собири на здравствени работници, од кои 10 се во земјата и 2 во странство. Сите трудови имаат стручно-апликативна вредност.

22. Дали глуко-центричниот пристап е доволен за добра гликемиски контрола на пациентите со дијабетес тип 2?
    Стручен симпозиум „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, х. Александар Палас 02.2017
23. Specific of insulin market and insulin procurement in Republic of Macedonia
    Novo Nordisk Management Meeting Europe East, Budapest 09.2017
24. Semagludite – GLP-1RA со еднаш неделна апликација
    Стручен симпозиум – интернисти
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, х. Александар Палас, 4.2018
25. Кои се идеални пациенти за Ozempic?
    Стручна презентација, регионална работилница со интернисти во северозападен регион, Камник - Скопје
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 9.2018
26. Што е GLP – 1RA и кое е нивното место во водењето на пациентите со дијабетес тип 2
    Стручна презентација – фармацевти, х.Буши Скопје
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 12.2018
27. Кардиоваскуларен бенефит на Victoza
    Стручна презентација – ЈЗУ Специјализирана болница за кардиоваскуларни заболувања - Охрид
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 3.2019
28. Фармакоекономски бенефит од современа инсулинска терапија
    Симпозиум – фармацевти, Воденица – Скопје
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 12.2019
29. Употреба на современа инсулинска терапија (втора генерација инсулински аналози)
    Секциски состанок – ендокринолошки и дијабетолошки сестри на Република Македонија
    Х. Континентал, Скопје
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 12.2019
30. Современа инсулинска терапија за водење на пациенти со ДМ тип 2
    Стручна презентација – Интерно одделение ЈЗУ Клиничка болница - Штип
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 3.2020
31. Important of personal development and steps in personal career
    GROW Novo Nordisk Academy – on line, 10.2020
32. Ryzodeg, Ozempic, Tresiba и Fiasp кој инсулин за кој пациент?
    Онлајн состанок со фармацевти
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ Скопје, 12.2020
33. FlexTouch новото медицинско помагало за апликација на хормон за раст
    Стручна презентација – Оддел ендокринологија и генетски заболувања
    ЈЗУ УК за детски болести – Скопје
    „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, 5.2021

Како дел од професионалните задачи, кандидатот е организатор на повеќе од 7 стручни собири наменети за континуирана едукација на здравствените работници како претставник на „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ (1-ви, 2-ри, 3-ти, 4-ти дијабетолошки денови на Република Македонија во организација на Национално здружение на ендокринолози и дијабетолози на Република Македонија, претставник од „Ново Нордиск фарма“ ДООЕЛ, секциски состаноци (спонзорирани симпозиуми), секциски состаноци (спонзорирани симпозиуми) на Здружение на педијатри на Република Македонија, секциски состаноци на Здружение на ендокринолошки и дијабетолошки сестри на Република Македонија и други).

За време на работењето учествува на бројни едукативни семинари, симпозиуми, конгреси и обуки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Зоран Наков ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2016 до 2021 година има остварено (НО 0 +НИ 46,8+ САОР 42) = 88,8 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатот д-р Зоран Наков поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Кандидатот преку својата ангажираност на работното место постојано е во контакт со млади фармацевти и активно го пренесува своето богато знаење и искуство во фармакоекономијата и менаџментот кои се модерни и значајни дисциплини во современата фармацевтска дејност како еден сегмент од социјалната фармација и економијата. Со неговиот ангажман во наставата ќе се овозможи да го пренесе своето знаење и искуство на студентите, а со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во меѓународни и стручни списанија кандидатот д-р Зоран Наков ќе придонесува и за развојот на науката на нашиот Универзитет.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот д-р Зоран Наков да биде избран во звање насловен доцент во наставно-научната област фармакоекономија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Александра Капедановска-Несторовска,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Биљана Лазарова,** доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | | | / |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | Објавен труд во меѓународно научно списание<br>1 до 5 коавтори (7,8,9)<br>Повеќе од 5 коавтори (6) | | | 3<br>1 | 9<br>6,3 | 33,3 |
| **2.** | Учество на научен собир со реферат (постер) | | | 1 | 1,5 | 1,5 |
| **3.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **4.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **46,8** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Пленарно предавање на стручен собир<br>(22,24,25,26,27,28,29,30,32,33)<br>(23,31) | 10 | 2 | 2 | 4 | **28** |
| **2.** | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | 7 | 2 | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **42** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **88,8** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-УЧЕБНИК „ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ"**
**ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-35/6 од 257. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика факултет, одржана на ден 24.1.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Драшко Атанасоски,** Факултет за туризам и бизнис логистика факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
– **доц. д-р Оливер Филипоски,** Факултет за туризам и бизнис логистика факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ**" од **автор проф. д-р Елизабета Митрева,** наменет за студентите од втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Учебникот „ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ" е наменет главно за студентите од втор циклус студии на студиската програма Бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува на втор циклус студии, во трет семестар, втора година и ја покрива наставната материја со оптовареност 3 (три) часа неделно т.е. 36 (триесет и шест) часа по семестар.

**Податоци за обем на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 346 страници, од кои на 338 страници е претставен основниот текст, на 8 страници се поместени 220 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторот дава голем број шеми (245) и таблици (30), за сè што може на сликовит начин да се претстави со цел полесно да се разбере материјата од страна на читателот. Во ракописот има практични примери (околу 30) од реални системи, со цел да се види апликативната примена на предложените методологии кои даваат јасна претстава за соодветната тематика.

**Обемот на трудот и неговата содржина** ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот е напишан на оригинален начин и во него е поместена теоријата на дизајнирање на деловните процеси со примена на методологии во реални системи со посебен акцент на унапредувањето на процесите, производите и услугите. Авторот на учебникот прилично амбициозно нуди одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење. Во овој учебник е нагласено значењето на управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите, што значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите, но и профит. Нагласена е потребата од континуирано подобрување на квалитетот на деловните процеси, производи и услуги

користејќи современи методологии за бездефектно работење како и оптимизацијата на истите, како и анализа на трошоците на квалитет. Во овој учебник покрај презентираните методологии за управување со процесите во рамките на организациите се разработени примери за оценка на истите во реални услови.

Јазикот на кој е напишан овој учебник е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Дизајнирање на деловни процеси“ се состои од дванаесет тематски целини: 1. Деловни процеси; 2. Пристапи за унапредувањето на квалитетот на деловните процеси; 3. Потребата од примена на методи и техники на квалитет во унапредување на деловните процеси; 4. Оптимизација на деловните процеси; 5. Унапредување на деловните процеси со примена на шест сигма методологијата; 6. Методологијата „осум дисциплини“ (8D) за унапредување на деловните процеси; 7. Problem solving  (решавање проблеми) методата во проектирање и унапредување на деловните процеси; 8. Методологијата - Развој на функцијата на квалитетот - QFD (Quality Function Deployment) за проектирање и унапредување на деловните процеси, производите/услугите; 9. Улогата на Бенчмаркинг стратегијата во унапредување на деловните процеси; 10. Kaizen - менаџерска филозофија за континуирано подобрување на деловните процеси; 11. FMEA (FAILURE MODE EFFECTS ANALYSIS) анализа за начинот и влијанието на грешките во реализација на деловните процеси; 12. Примена на методата 5 why's (5 зошто) во унапредување на деловните процеси.

По секое поглавје се дадени практични примери од реални системи каде се анализира апликативноста на секоја од методологиите во реални услови.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

*Во првото поглавје* од учебникот е опфатено значењето, улогата и потребата од проектирање и управување со процесите во рамките на индустријата и се разработени примери за оценка на истите во реални услови. Управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите, значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите и профитот. За да сè има ефект од примената на истите е потребен нивен правилен избор и меѓусебна координација. Во изборот и примената влијаат голем број фактори од организационен и технички карактер, па зависно од проектирањето, односно организационото структурирање на системот за квалитет, може да се направи нивен правилен избор.

*Во второто поглавје* авторот дава приказ на различните пристапи за унапредувањето на квалитетот на деловните процеси. Анализирајќи го традиционално управување со процесите, преку реактивното подобрување на истите, за да се понуди проактивно подобрување на деловните процеси или потребата од реинженеринг.  Проактивното работење започнува со анализа на деловната организираност, потоа се продолжува низ анализата на барањата на интерните и екстерните купувачи, а се завршува со детално дефинирање на процесот. Понатаму во поглавјето се опфатени врските помеѓу оптимизацијата на вкупните трошоци на работа, реинженерингот на деловните процеси и важноста во управувањето на деловните процеси во организацијата.

*Во третото поглавје* авторот се осврнува на примената на методите и техниките за бездефектно работење во унапредување на деловните процеси во организациите. За да сè има ефект од примената на истите е потребен нивен правилен избор и меѓусебна координација. Секојдневната практика на секој вработен не треба да биде само контрола во работењето, туку вработените мора да бидат обучени да делуваат превентивно, а не да се окупирани со детекција, мора да добијат одговорност и моќ да ги коригираат своите грешки и да го изнесуваат секој проблем во врска со квалитетот што ќе го откријат. На таков начин ќе се овозможи унапредување на квалитетот на производите/ услугите, поголема конкурентност, поголема продуктивност, производство на производи со повисока фаза на преработка, намалување на трошоците и сл.

*Во четвртото поглавје* авторот го насочува фокусот на вниманието кон моделите како да се оптимизираат деловните процеси во организацијата и кои се клучевите на успех на тој пат. Управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите, значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите и профитот. За да се постигне ова, од влезните елементи на производството и производниот процес, до создавањето на новиот производ се контролираат сите фази на тој процес.

На проблематиката поврзана со филозофијата 6 сигма и нејзината примена како методологија за систематско снижување на дисперзијата на процесот авторот го посветил *петтото поглавје* во учебникот. Главната поента во ова поглавје е основниот концепт на шест сигма методологијата, спрема класичната шема на постојано усовршување и унапредување на квалитетот со примена на циклусот Деминговиот циклус.

*Шестото поглавје* од учебникот авторот го посветил на примената на методологијата 8Д или осум дисциплини, со цел да им се помогне на тимовите во организациите да се справат со управувањето со квалитетот и прашањата поврзани со безбедноста на работата, како и да се изнајдат соодветни и трајни решенија за проблемите и да се спречи повторување на истите. Во ракописот се дадени осум дисциплини или осум чекори за решавање на проблемите во деловните процеси. Оваа метода е високо ефективен научен пристап за решавање на хронични и повторливи проблеми.

*Во седмото поглавје* авторот го насочува фокусот на вниманието кон методата „Problem solving“ (Решавање проблеми) во проектирање и унапредување на деловните процеси. Самиот процес на решавање на проблемот започнува од негово дефинирање; утврдување на причината; идентификување на приоритетите, како и избор на алтернативи за решението и негово спроведување. Овој пристап користи тимска синергија и дава одлични упатства за да се идентификуваат основните причини за проблемот, спроведување на корективни и превентивни активности кои трајно ќе го отстранат проблемот.

Познавање на методологијата - Развој на функцијата на квалитетот - QFD (Quality Function Deployment) е содржана во *осмото поглавје* од учебникот. За авторот, имплементацијата на оваа филозофија се реализира преку градење матрици, со цел да се даде слика за односот помеѓу барањата на купувачите, нивната претстава за квалитетот на производите и други податоци кои се однесуваат во дизајнирање на деловните процеси, производите/ услугите.

*Во деветтото поглавје* авторот ја разработува проблематиката на бенчмаркингот, како стратегија за континуирано и одржливо унапредување на процесите, производите и услугите. Главна задача на бенчмаркингот за авторот е учење врз основа на туѓи и позитивни искуства и прифаќање на тие искуства во остварливи стандарди - benchmarks, кои можат да се употребат за мерење на успешноста на работењето, како и за утврдување на напорот што треба да се вложи за да се надминат разликите во перформансите.

Каизен филозофијата е обработена во *десеттото поглавје.* За авторот, Kaizen претставува континуирано подобрување на сите процеси во организацијата преку мали промени во кратки временски периоди вклучувајќи ги сите организациски членови без разлика на кое хиерархиско ниво се наоѓаат, без да се вршат големи капитални инвестиции. Каизен е ориентирана методологија кон клиентот и се употребува за постојано подобрување на секој процес преку елиминирање на отпадот (во сè што се прави), врз основа на идеите за континуирано подобрување и почит кон вработените.

Во *единаесеттото поглавје* е дадена методологијата на FMEA анализата создадена за ги идентификува можните грешки кои можат да се јават во процесот или во производот, но пред тие да се случат. За авторот, истата го фокусира вниманието на намалувањето на можноста за неуспех како и за зголемување на задоволството на купувачите. Примената на FMEA методологијата е со цел да се подобри квалитетот и главно се користи како превентивна мерка.

Методата 5 Why's (5 зошто) е интерактивна метода на испитување која се користи за да се испитаат причинско-последичните односи кои лежат во основата на одреден

проблем која метода авторот ја разработил *во последното дванаесетто поглавје.* Авторот укажува на фактот дека примарна цел на техниката е да се утврди коренот на дефектот или проблемот со повторување на прашањето: „Зошто?". Секој одговор претставува основа за следното прашање.

Посебно што треба да се истакне во ова наше мислење е дека по секое поглавје во учебникот следат практични примери од реалните системи каде студентите и читателите можат лесно и едноставно да ги разберат презентираните методологии и техники за дизајнирање и управување со процесите во рамките на индустријата и организациите и се разработени примери за оценка на истите во реални услови.

## ЗАКЛУЧОК

Овој учебник претставува уште еден обид на авторот да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на управувањето со процесите и системите. Во сублимирањето на трудот, авторот се послужил и со голем материјал обезбеден како резултат на долгогодишната работа во оваа област, каде што имал можност да учествува во работата на бројни стручни и научни собири поврзани со управување со деловните процеси во организациите и примената на различни методологии за унапредување на процесите, производите и услугите.

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека предложениот ракопис за е-учебник по предметот Дизајнирање на деловни процеси е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учебникот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на втор циклус студии. Според наши сознанија, ваков учебник, кој по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а кој одговара на предвидената наставна програма по предметот Дизајнирање на деловни процеси на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен.

Согласно со ова, на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му го препорачуваме учебникот „Дизајнирање на деловни процеси" од авторката проф. д-р Елизабета Митрева да го прифати како РЕЦЕНЗИРАН УЧЕБНИК.**

**Рецензенти**

**Д-р Драшко Атанасоски,** професор,
Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија,
Универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – Штип, с.р.
**Д-р Оливер Филипоски,** доцент,
Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија,
Универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕХАНИЗАЦИЈА ВО ЛОЗАРСТВОТО И ОВОШТАРСТВОТО“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машински факултет, бр. 2202-34/3 од 14.1.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Драги Таневски,** редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и
- **д-р Зоран Димитровски,** редовен професор на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

за подготвување и доставување на писмен извештај – рецензија на ракописот за универзитетски учебник **„МЕХАНИЗАЦИЈА ВО ЛОЗАРСТВОТО И ОВОШТАРСТВОТО“,** поднесен од авторот **проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов** од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „Механизација во лозарството и овоштарството**“,** предметот е со наслов МЕХАНИЗАЦИЈА и се слуша во VIII семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Механизација и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за кој е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 326 страници, $A_1$ формат со нормален проред, во 22 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 308 слики, 16 табели. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис како универзитски учебник.

**Краток опис на содржината**: Ракописот е напишан на јазик разбирлив и близок до студентите. Содржи доста информации кои имаат за цел проширување на знаењето на студентите.

*Вовед* - авторот дава краток осврт на видови на трактори кои се користат во лозарството и овоштарството.

Исто така, прикажани се нови конструкции на трактори - Автономни трактори- користење и намената.

Во следното поглавје е објаснето за примена на роботите во извршување на агротехничките мерки во лозарството и овоштарството.

Објаснети се беспилотните летала - дроновите и нивната примена во лозарството и овоштарството.

Во деловите 3, 4, 5 и 6 се прикажани експлоатационите карактеристики на тракторот: Моќ на тракторскиот мотор, Сили кои дејствуваат врз обиколката на тракторот на тркала, Пресметувањето на статичка и динамичката распределба на тежината на тракторот, Потрошувачката на погонските материјали, Приспособување на тракторот и приклучната машина при обработка на почвата.

Во поглавјето 7 се објаснети машини за обработка и одржување на почвата. Обработката на долгогодишните лозови и овошни насади е од големо значење за земјиштето, исто така има и директно влијание и врз квалитетот и квантитетот на приносот на хектар површина.

Во наредното поглавје 8 се објаснети машините за подготовка на земјиштето. Длабоката обработка на почвата може да се изврши на два начина: со риголовање (со помош на плуг риголер) или длабоко растресување (со помош на разни видови подривачи), во зависност од состојбата на почвата и од потребата на растенијата кои ќе се посадат.

Во поглавјето 9 се објаснети машините за садење на овошки и лозови калеми. Предностите на машинското садење се особено прикажани на поголеми парцели, со што се обезбедува поставување на садниот материјал без оштетување и се намалува учеството на човечката грешка. Со оваа технологија се постигнува посакуваното меѓуредово растојание и растојанието помеѓу садниците, на целата парцела, во согласност со барањата на сортата винова лоза.

Во поглавјето 10 се објаснети разните видови на машини кои се користат во меѓуредната обработка на лозовите и овошните: подривачи, разривачи, лозарски плугови, култиватори, фрези и др.

Во поглавјето 11 се објаснети машините за редова обработка во лозовите и овошните насади. Во зависност од агротехничите барања се врши избор на агрегати или машини за обработка. Во поново време главна тенденција е со едно поминување да се обработи целата површина помеѓу редовите, ако е можно и дел од површината во редот. Се објаснети машини за третирање со хербициди, за термичко уништување на плевелите, уништување на плевелите со вода под голем притисок, термичко уништување на плевелите со врела пења во редот.

Во поглавјето 12 се објаснети видови и конструкција на машините за мулчирање мулчери со ножеви и мулчери со чекани-дробачи. Покрај меѓуредното одржување многу е важно и одржување на земјата во редот. Можно е тој простор да се одржува со мулчирање или обработка. Мулчирање се врши заедно со мулчирање на меѓуредениот простор, додека обработката може да се врши со посебни машини за внатрешна редна обработка.

Во поглавјето 13 се објаснети какви конструкции на машини се користат во наѓубрување на лозовите и овошните насади. Во примена денес се среќаваат најразлични видови конструкции на машини за растурање на вештачките ѓубрива.

Во поглавјето 14 се објаснети видови на системи кои се користат во наводнувањето на овошните и лозовите насади. Како резултат на примената на современата производна техника и технологија сè повеќе се применува ѓубрење со наводнување, бидејќи овозможува рационализација и економичност во земјоделското производство.

Во поглавјето 15 е објаснето за машините за апликација на заштитни средства на растенијата. Специфичноста на заштита во лозарството и овоштарството се состои во тоа да се третира средна или обемна маса на растенија, каде што растението може да достигне висина од неколку метри, со голем број третмани во тек на годината.

Во поглавјето 16 е објаснето за машините и уредите за режење на зелено и зрело во лозовите и овошните насади и нивните карактеристики. Машините за резидба на зрелата лоза може да бидат со линеарен уред за режење, а тоа се машини кој се користат и за контурно режење и машини со ротирачки пресечни апарати, посебно конструирани за резидба на зрело, која реже, одвојува и ја ситнат лозата.

Во поглавјето 17 е објаснето за машиние за собирање на лозови прачки, врзување на зелено кај лозовите насади.

Во поглавјето 18 е објаснето зеленото режење како работен процес кој се користи во текот на летниот период во вегетационата фаза во која има силен пораст на зелените ластари.

Во поглавјето 19 е дадено објаснување за конструкцијата и видовите на системи за заштита од град.

Во поглавјето 20 е дадено објаснување за конструкција и принцип на работа на комбајнот за берба на грозје. Принципот на работа на комбајните за берба на грозје, е со вшмукување на гроздовите, на принцип на тресење.

Тресечкиот апарат за берба кој се користи во конструкцијата на комбајните за берба на грозје се состои од ударни стапчиња, чии број на удари, како и јачината на ударите се регулира поединечно, во зависност од сортата на виновата лоза.

Во последните поглавје е дадено објаснување за видови на машини кои се користат во бербата и транспортот на овошјето.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од напред изнесеното, Комисијата во состав: проф. д-р Драги Таневски, редовен професор и проф. д-р Зоран Димитровски, редовен професор, констатира дека ракописот за учебникот „МЕХАНИЗАЦИЈА ВО ЛОЗАРСТВОТО И ОВОШТАРСТВОТО“ пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов е напишан според наставна програма за студентите од сите студиски програми на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на **Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот „Механизација во лозарството и овоштарството“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓорѓи Кукутанов и истиот да го одобри за користење како универзитетски учебник и негово публикување во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, негово соодветно издавање.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Драги Таневски,** с.р.
**Проф. д-р Зоран Димитровски,** с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ**
**„МАРКЕТИНГ: ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА УСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ”**
**ОД ПРОФ. Д-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ-АПАСИЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-150/5 од 214. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на ден 17.12.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Митре Стојановски,** вонреден професор (во пензија) на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– **проф. д-р Елена Веселинова,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МАРКЕТИНГ: ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА УСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ” од вонреден проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Монографијата „МАРКЕТИНГ: ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА УСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ” од проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева претставува синтеза на научна материја поврзана со маркетингот како научна област со фокус на знаења и вештини кои овозможуваат проучување и примена на различни маркетиншки активности во деловното работење. Материјата од областа маркетинг студентите ја изучуваат во рамки на повеќе предмети поврзани со областа маркетинг, како што се: Маркетинг, Маркетинг менаџмент, Стратегиски маркетинг, Интегрирани маркетинг комуникации, Маркетинг истражување и др. Монографијата е наменета како дополнителна литература за проучување на предметот Маркетинг од страна на студентите од прв циклус на студии, од различни студиски години (втори, трети, четврти и петти семестар) на насоките: Маркетинг менаџмент, Сметководство и ревизија, Финансии, Бизнис економија, Менаџмент и претприемништво, како и Бизнис информатика при Факултетот за информатика. Во рамки на наставните програми, предметот Маркетинг се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2; монографијата ќе биде наменета и како дополнителен материјал за студентите кои ги изучуваат останатите наведени сродни предмети, како и студентите од втор циклус на студии, земајќи предвид дека монографијата е збир на научни трудови од областа, кои можат да ги насочат идните академски кадри кон нови истражувања на темата. Рецензентската комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет, обработувајќи делови кои се клучни од областа маркетинг, како пазарна ориентација, управување со маркетинг активности, маркетинг планирање, тестирање на пазарот, прифаќање на иновации на пазарот, six sigma marketing, бизнис модели и конкурентни вештини.

**Податоци за обемот на ракописот:** Монографијата содржи 93 страници, со повеќе табели и графикони во рамки на девет научни трудови и еден краток додаток за конкурентни вештини на пазарот, кои им овозможуваат на студентите и читателите разбирање и совладување на проблематиката на маркетингот, преку научен преглед на разработената проблематика. По секој научен труд, на последните страници се сместени релевантните библиографски единици со чија помош е изработен. Трудот е пишуван во А4 формат, со проред 1.15, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а

маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right. Цитирањето е во АПА стилот - цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците и пасусите, па така јасно е која информација е цитирана или парафразирана, односно чија информација е цитирана. Сметаме дека обемот на делото и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Изготвувањето на монографијата со наслов „Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење“ е резултат на зголемување на интересот за областа маркетинг, како во рамки на научната заедница, така и помеѓу реалниот сектор. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Маркетинг менаџмент и Менаџмент и претприемништво, со оглед на фактот дека според влијанието на маркетиншките активности во работењето на компаниите, тие се едни од најопсежните, а безмалку и едни од најзначајните во денешното деловно опкружување. Како припадници на академската заедница, сметаме дека целта на науката не е само да се истражува, туку и да се направат истражувањата подостапни за студентите, јавноста и бизнис секторот. Клучна цел на оваа книга/монографија е да даде преглед на некои од истражувањата од областа маркетинг во нашата земја, со фокус на стручни и научни трудови кои се актуелни до денес. Истата е сочинета од повеќе трудови, кои обработуваат значајни аспекти од областа на маркетингот. Дел од трудовите се претходни публикации, а се вметнати со цел да се направат полесно достапни до целната публика, додека дел се нови, напишани за потребите на ова дело. Монографијата исполнува и неколку дополнителни цели: Објективно и систематично опишување или дескрипција на прецизираната тематиката, како прв чекор во процесот на спознавање, преку увид во актуелната светска и домашна литература; научно објаснување на предметот на трудовите преку откривање на условите, причините и мотивите за текот на случувањата, врз основа на научната теорија и пракса; научно предвидување или прогноза, со насочување кон тенденцијата на менување на состојбите и следење на динамичките карактеристики на дефинираниот проблем; едукација на читателите во насока на разбирање на механизмите и суштината на маркетиншките активности и процеси, со цел зголемување на свесноста, знаењата и вештините за успешно деловно работење во рамки на конкуретно опкружување. Ова дело претставува логична надградба на претходни изданија на авторката, со вградена нова целина која досега не е обработувана, а се однесува на примена на six sigma marketing, бизнис модели и конкурентни вештини. Од оваа причина, сметаме дека материјалот се одликува со голема значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Монографијата е изработена како целина која се состои од девет научни трудови и еден краток додаток за конкурентни вештини во 21 век. Во првиот труд се обработува пазарната ориентација како деловна ориентација кон која треба да се стремат малите и средни претпријатија (МСП). Трудот ги објаснува различните деловни концепции, правејќи разлика помеѓу нивните предности и недостатоци, а посебен фокус е ставен на актуелната и профитабилна деловна концепција – пазарна ориентација на работење. Во рамки на истиот се претставени и составните елементи на пазарна ориентација, како и научни наоди за нејзината ефикасност. Преку овој труд се овозможува проучување и примена на пазарната ориентација во компаниите кои работат на домашниот пазар, а кои доминантно користат застарени деловни концепции на работење. Во вториот научен труд се прикажани различните видови на маркетинг стратегии кои им се на располагање на компаниите за остварување на бизнис целите. Авторката прави опсежен опфат преку класификација на маркетинг стратегиите во неколку категории, а исто така ја потенцира и клучната разлика помеѓу стратегиите и тактиките. Во третиот труд се разработени алатки за оценување на стратегиските бизнис единици во маркетиншките активности на претпријатијата. Во овој труд се прикажува важноста од знаењето во управување со маркетиншките активности, преку анализа

на примената и корисноста на две стратешки алатки – VRIO рамката која се базира на тврдењето дека претпријатието/единицата, треба да функционира врз основа на клучните компетенции, односно способноста и капацитетите на претпријатието за внатрешна интеграција, координација и искористување на ресурсите; како и BCG матрицата како алатка за одредување на конкурентската позиција на стратешката бизнис единица, во однос на најголемиот конкурент на пазарот од истата категорија на производи, а која се заснова на два параметри: 1. Стапката на раст на пазарот (индикатор за развојот и атрактивноста на пазарот и воедно е консуматор на готовина) и 2. Релативниот пазарен удел (ја покажува силата на бизнис единицата и воедно е и генератор на готовина). Во четвртиот труд се опишува значењето на маркетинг планот за успешно деловно работење, прикажувајќи релевантни научни докази за корисноста од неговата примена во пракса, која е директно поврзана со остварување на поголема профитабилност, создавање на одржлива конкурентска предност, креирање на вредност за потрошувачите, создавање на лојални потрошувачи итн. Во петтиот труд се анализира содржината на маркетинг планот како водич за деловно работење, при што се дава и готова рамка од конкретни чекори која ја олеснува примената на планирањето во деловното работење. Во шестиот труд се дава преглед на (маркетинг) тестирање на пазарот како основа за минимизирање на деловниот ризик, при што се прикажани различни модели за тестирање на пазарот, а детално е разработен и моделот за тестирање преку социјални медиуми, како канал чија примена во пракса е голема, а нуди и можност за спречување на грешки во работењето, преку тестирање на различни деловни активности како: воведување на нов производ, тестирање на промотивна кампања, тестирање на бренд итн. Во седмиот труд се обработува процесот на прифаќање на производите од потрошувачите, познат како дифузија на иновации. Во рамки на овој труд се прави научен преглед на брзината и начинот на кој потрошувачите ги прифаќаат новите производи во тек на време, делејќи ги според припадноста во различни сегменти на потрошувачи кои имаат различни очекувања и однос кон иновациите. Овој труд е значаен за зголемување на знаењето во поглед на една исклучително важна област – иновирање на пазарот и зголемување на конкурентската предност на компаниите, но и економијата во целина. Во осмиот труд авторот ни претставува една релативно нова и исклучително актуелна проблематика Six – Sigma Marketing (SSM) кој се базира на  факти и податоци, а води кон зголемување на пазарниот удел преку обезбедување на супериорна вредност за таргетираните пазари на конкретниот производ. Six Sigma е т.н. процес за оптимизација на производствените процеси, подобрување на квалитетот и зголемување на профитабилноста и креирање на потрошувачко задоволство. Целта на знаењето и примената на SSM е да го помести производот или услугата во зоната на спецификациите на потрошувачите и значително да ги намали варијациите во процесите кои ги предизвикуваат дефектите кои негативно влијаат на потрошувачот. Во деветтиот научен труд, авторката детално ги прикажува бизнис моделите преку основните компоненти и видови. Бизнис моделите се важни и за новите и за воспоставените бизниси. Тие им помагаат на компаниите да привлечат инвестиции, да регрутираат таленти и да го мотивираат менаџментот и персоналот. За етаблираните бизниси се препорачува редовно да ги ажурираат своите деловни/бизнис планови или во спротивно може да се очекува дека нема да успеат да ги предвидат трендовите и предизвиците што претстојат. Од друга страна, бизнис плановите им помагаат на инвеститорите да ги проценат компаниите што ги интересираат. Стекнување на знаење за оваа проблематика е од исклучителна важност, затоа што го поплочува патот за негова примена во иднина. На крајот е додаден и краток дел – преглед на барани и конкурентни вештини, како информација од значење за читателите, која треба да ги инспирира за подлабоко проучување на бараните вештини и нивно совладување со тек на време. Секој труд завршува со преглед на користена литература. На крај од монографијата се приложени и биографски податоци за авторката.

## ЗАКЛУЧОК

Монографијата **„МАРКЕТИНГ: ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА УСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ"** од авторката **проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева** претставува целина на материја поврзана со маркетингот како научна област и различните видови на маркетиншки знаења и вештини со чија примена може значително да се подобри знаењето на студентите, како и работењето на компаниите во пракса. Авторката направила синтеза на научни аспекти на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и останатата целна публика, за да го направи ова знаење подостапно и да ја зголеми веројатноста да биде применето и во практична работа. Монографијата ги доближува научните сознанија до публиката, овозможувајќи полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на процесот на изучување на маркетингот како област, но и негова примена во работењето на деловните субјекти.

Со оглед на големото значење кое маркетингот го има за успешното работење на деловните ентитети и за потребите на сите заинтересирани организации, со цел да го пронајдат соодветното решение на пазарните предизвици, сметаме дека ова дело ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Монографијата воедно ги исполнува и критериумите за објавување. Од оваа причина, препорачуваме истата да биде објавена.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложиме монографијата со наслов „МАРКЕТИНГ: ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА УСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ" од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева да ја одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Митре Стојановски,** с.р.
**Проф. д-р Елена Веселинова,** с.р.